# БАРАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ НА
# Б-ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА за

## „ЕУРО-ИНТЕР“ ДООЕЛ

ПОСТРОЈКА ЗА СЕПАРАЦИЈА НА НАНОСЕН МАТЕРИЈАЛ – ПЕСОК, ЧАКАЛ, КАМЕН ВО ОПШТИНА ГРАДСКО



ЕкоМозаик
...идеја до идеја

***Август 2025 година***

Назив на документот

**Барање за добивање на Б- интегрирана еколошка дозвола за постројка за сепарација на наносен материјал во сопственост на „ЕУРО-ИНТЕР“ ДООЕЛ**

Нарачател на подготовка на Барањето:

**Друштво за транспорт, производство и услуги ЕУРО-ИНТЕР ДООЕЛ експорт-импорт Долно Коњари Петровец**

Консултантска поддршка при подготовка на Барањето:

**Друштво за технички консултантски услуги “ЕкоМозаик” ДООЕЛ Скопје**

ЕкоМозаик
...идеја до идеја

*Експертски тим:*

**ЕкоМозаик**

*М-р Славјанка Пејчиновска – Андонова,* инж. на жив. средина, овластен експерт за оцена на влијание врз животната средина

*М-р Стефан Велковски*, инж. на жив. средина

*Јелена Секуловска*, дипл. еколог

*Ведран Андонов, помлад консултант за животна средина*

Период на изработка: **Јули – август 2025 година**

## СОДРЖИНА

**I. Општи информации ........ 5**
I.1 Вид на барањето ........ 5
I.2 Орган надлежен за издавање на Б-Интегрирана Еколошка Дозвола ........ 6
**II. Опис на техничките активности ........ 7**
II.1 Локација на постројката за сепарација ........ 7
II.2 Процес ........ 10
**III. Управување и контрола ........ 15**
**IV. Суровини и помошни материјали и енергии употребени или произведени во инсталацијата ........ 17**
**V. Цврст и течен отпад ........ 23**
**VI. Емисии во атмосферата ........ 25**
**VII. Емисии во површински води и канализација ........ 26**
**VIII. Емисии во почва ........ 30**
**IX. Земјоделски и фармерски активности ........ 31**
**X. Бучава, вибрации и нејонизирачко зрачење ........ 32**
**XI. Точки на мониторинг на емисии и земање примероци ........ 34**
XI.1 Мониторинг на емисиите и точки на земање примероци ........ 34
**XII. Програма за подобрување ........ 38**
XII.1 Вовед ........ 38
XII.2 Програма за подобрување ........ 38
**XIII. Спречување хаварии и реагирање во итни случаи ........ 40**
**XIV. Ремедијација, престанок со работа, повторно започнување со работа и грижа по престанок со активностите ........ 43**
XIV.1 План за престанок на активноста на сепарација на камен агрегат ........ 43
**XV. Резиме без технички детали ........ 45**
**XVI. Изјава ........ 49**
**XVII. Прилози ........ 50**

## СЛИКИ

Слика 1 Локацијата на постројката за сепарација во однос на населените места во Општина Градско ........ 8

Слика 2 Потесното опкружување на постројката за сепарација ........ 9

Слика 3 Катастарски парцели ........ 9

Слика 4 Елементи на постројката за сепарација ........ 10

Слика 5 Траса на движење на камионите-кипери од местото на експлоатација до постројката ........ 11

Слика 6 Камиони-кипери кои се употребуваат за транспорт на наносниот материјал. 12

Слика 7 Еден од утоварувачите кои се користат во постројката за сепарација ........ 12

Слика 8 Приемниот бункер и машината за сепарација со транспортни ленти ........ 13

Слика 9 Едноставна шема на процесот на сепарација ........ 14

Слика 10 Организациона поставеност ........ 15

Слика 11 Резервоар за гориво со капацитет од 90 t ........ 18

Слика 12 Поставеност на трафостаницата во однос на постројката за сепарација ........ 18

Слика 13 Складирање на суровините во рамки на постројката за сепарација ........ 21

Слика 14 Поставеност на таложниците во однос на машината за сепарација ........ 26

Слика 15 Точка на испуст во однос на постројката за сепарација ........ 27

Слика 16 Шема на зафаќање и испуштање на вода од река Вардар ........ 27

Слика 17 Постројката за сепарација во однос на најблиското населено место ........ 32

Слика 18 Точката на испуст во река Вардар во однос на постројката за сепарација .... 35

Слика 19 Графички приказ на предложените мерни места за мерење на емисии на бучава ........ 37

Слика 20 Генерална шема на процесот на подготовка и демонтажа на опремата ........ 43

## ТАБЕЛИ

Табела 1 Суровини, помошни материјали и енергии ........ 19

Табела 2 Количини на зафатена вода од река Вардар ........ 20

Табела 3 Генерирани видови на отпад ........ 24

Табела 4 Не е релевантна ........ 31

Табела 5 Извори на емисии на бучава ........ 33

Табела 6 Предлог мониторинг точки за емисии во води и канализација ........ 35

Табела 7 Предлог мониторинг точки за емисии на бучава ........ 36

Табела 8 Предвидени активности согласно Програмата за подобрување ........ 38

# I. Општи информации

| | |
|---|---|
| Име на компанијата | Друштво за транспорт, производство и услуги ЕУРО-ИНТЕР ДООЕЛ експорт-импорт Долно Коњари Петровец |
| Правен статус | ДООЕЛ |
| Сопственост на компанијата | Приватна |
| Сопственост на земјиштето | Државна сопственост – добиена концесија за вршење на дејноста на 30 години |
| Адреса на локацијата (и поштенска адреса, доколку е поразлична од погоре споменатата) | КП 20 и КП 21, КО Виничани, м.в. Топарник, Општина Градско |
| Број на вработени | 5 |
| Овластен претставник | Моамер Османовиќ |
| Категорија на индустриски активности кои се предмет на барањето | Прилог 2 Активности на инсталации за кои е потребна Б интегрирана еколошка дозвола<br>3. Индустрија на минерали<br>3.2. Инсталации за ископ, дробење, мелење, сеење, загревање на минерални суровини |
| Проектиран капацитет | 100 $m^3$ сепариран материјал дневно (на 8 часа) |

1 Како што е регистрирано во судот, важечка на денот на апликацијата 2 Да се внесат шифрите на активностите во инсталацијата според Анекс 1 од ИСКЗ уредбата (Сл. Весник 89/05 од 21 Октомври 2005). Доколку инсталацијата вклучува повеќе активности кои се предмет на ИСКЗ, треба да се означи шифрата за секоја активност. Шифрите треба да бидат јасно одделени една од друга.

Во Прилог 1 доставуваме копија од Тековна состојба.

## I.1 Вид на барањето

Обележете го соодветниот дел

| | |
|---|---|
| Нова инсталација | |
| Постоечка инсталација | x |
| Значителна измена на постоечка инсталација | |
| Престанок со работа | |

## I.2 Орган надлежен за издавање на Б-Интегрирана Еколошка Дозвола

| | |
|---|---|
| Име на единицата на локална самоуправа | Општина Градско |
| Адреса | Ул. Александар Македонски бр. 70А<br>1420 Градско |
| Телефон | 043/251-522 |

# II. Опис на техничките активности

## II.1 Локација на постројката за сепарација

Локацијата на која е поставена постројката за сепарација на наносен материјал е на КП 20 и КП 21 КО Виничани. Вкупната површина на катастарските парцели КП 20 и КП 21 изнесува 3.679 $m^2$. Имотниот лист за катастарските парцели на кои е поставена постројката за сепарација е даден во Прилог 2.

Постројката за сепарација е лоцирана на територијата на Општина Градско, во близина на населеното место Ногаевци. Локацијата се наоѓа помеѓу Автопатот Е-75 и Регионалниот пат Р1102. Географските координати на проектната локација се: 41°37'37"N 21°53'23"E.

Најблиските населени места во однос на проектната локација се:

- Ногаевци – на околу 1 km источно;
- Виначини – на околу 3 km јужно;
- Водоврати – на околу 5 km јужно;
- Уланци – на околу 6 km југо-источно;
- Градско – на околу 7 km југо-источно;

На Слика 1 е прикажана локацијата на постројката за сепарација во однос на населените места во Општина Градско.




*Слика 1 Локацијата на постројката за сепарација во однос на населените места во Општина Градско*

Потесното опкружување на проектната локација го сочинуваат:

- Автопатот Е-75, кој се протега во правец исток-запад на околу 30 m јужно од постројката за сепарација;
- Регионалниот пат Р1102, кој се протега во правец исток-запад, северно од постројката;
- Железничката пруга, која се протега во правец исток-запад на околу 100 m северно од постројката;
- Река Вардар, која тече северно од постројката за сепарација, на оддалеченост од околу 300 m;

Влезот во постројката за сепарација е од северната страна, преку регионалниот пат Р1102.

Локацијата на постројката за сепарација во однос на нејзиното најблиско опкружување е прикажана на Слика 2.




*Слика 2 Потесното опкружување на постројката за сепарација*

Посторјката за сепарација е поставена на КП 20 и КП 21, КО Виничани. Катастарските парцели граничат со КП 1326 на север, КП 22 и КП 23 на исток, КП 1328 на југ и КП 1310 на запад. На Слика 3 се дадени катастарските парцели КП 20 и КП 21 во однос на останатите катастарски парцели во непосредна близина.




*Слика 3 Катастарски парцели*

## II.2 Процес

Основната дејност на постројката за сепарација на „ЕУРО-ИНТЕР“ ДООЕЛ е производство на сепариран наносен материјал (песок, чакал и камен) по фракции. Постројката за сепарација е поставена на КП 20 и КП 21 КО Виничани, Општина Градско. Катастарските парцели се со вкупна површина од 3.679 m$^2$. Пристапот до локацијата е преку Регионалниот пат Р1102.

Постројката за сепарација е поставена на државно земјиште. „ЕУРО-ИНТЕР“ ја има откупено постројката за сепарација од компанијата „НИП ПРОЕКТ“ во 2017 година. Компанијата „НИП ПРОЕКТ“ претходно има добиено концесија за користење на државното земјиште на кое е поставена постројката за сепарација. Концесијата е со време на траење од 30 години. Земјиштето на кое е поставена постројката за сепарација е со намена Г2.1 – Лесна градежна индустрија.

Постројката за сепарација се состои од неколку главни елементи:

- Машина за сепарација со отворен бункер, сита и транспортни ленти;
- Отворени купови со сепариран и несепариран материјал;
- Паркинг за механизацијата (камиони, утоварувачи, багер);
- Резервоар за гориво;
- Административен објект со површина од 20 m$^2$;

Поставеноста на овие елементи во рамки на постројката за сепарација се прикажани подолу на Слика 4.




*Слика 4 Елементи на постројката за сепарација*

Процесот на сепарација започнува со набавка на наносен материјал кој се сепарира во постројката. Во моментов, наносниот материјал се обезбедува од речното корито на река Вардар, согласно важечкиот *Договор за продажба на наносен материјал – песок,*

*чакал и камен со Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија (бр. на Договор 10-264/14 од 19.07.2024 година)*, даден во Прилог 3. Минералната суровина се отстранува од речното корито на река Вардар согласно *Дозволата за вадење песок, чакал и камен од коритата и бреговите на површинските водни тела река Вардар, делница Ногаевци, на КП 303, КП 439, КП 920 и КП 1311/1, КО Ногаевци, КО Виничани, КО Кочилари и КО Свеќани, во должина од 800,00 метри, Општина Градско, во подрачјето на речен слив Вардар, заради уредување на режимот на водите, бр. УП1 11/5-406/24 од 09.05.2024 година, издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање*.

Од местото на експлоатација на минералната суровина, истата со багер се товари во камиони-кипери. Камионите потоа пристигнуваат на постројката за сепарација и ја искипуваат минералната суровина на отворен склад во рамки на постројката. На Слика 5 е графички прикажана трасата на движење на камионите-кипери од местото на експлоатација на минерална суровина во река Вардар до постројката за сепарација.




*Слика 5 Траса на движење на камионите-кипери од местото на експлоатација до постројката*

Од отворениот склад со утоварувач наносниот материјал се префрла во приемен бункер, по што преку систем на транспортните ленти со соодветни сита со различни димензии, наносниот материјал се сепарира на 4 фракции: 0-4 mm; 4-8 mm; 8-16 mm и 16-32 mm. Четирите фракции се складираат на отворени купови, се до нивно товарење во камиони-кипери за понатамошен транспорт за финална употреба. Транспортот на финалниот продукт – сепариран наносен материјал по фракции, некогаш се врши од страна на „ЕУРО-ИНТЕР“, а некогаш самите клиенти доаѓаат и го преземаат сепарираниот наносен материјал со сопствени камиони.

Опремата која се користи во постројката за сепарација се состои од:

- Машина за сепарација - 1;

- Камиони-кипери - 6;
- Багер - 1;
- Утоварувачи - 2

За транспорт на наносниот материјал од местото на неговото вадење од речното корито на река Вардар до постројката за сепарација, се употребуваат шест камиони-кипери кои се прикажани подолу на Слика 6. Камионите се производ на MAN, со капацитет на приколката од 12 m$^3$.




*Слика 6 Камиони-кипери кои се употребуваат за транспорт на наносниот материјал*

Во рамки на постројката за сепарација наносниот материјал се искипува на отворен склад, од каде со два утоварувачи материјалот се истура во приемен бункер на машината за сепарација. Еден од утоварувачите кои се употребуваат во постројката за сепарација е прикажан на Слика 7.



*Слика 7 Еден од утоварувачите кои се користат во постројката за сепарација*

Приемниот бункер на машината за сепарација е со капацитет од 20 $m^3$. Под бункерот поставена е транспортна лента која го пренесува материјалот од бункерот до машината за сепарација. Машината за сепарација е опремена со транспортните ленти и сита за сепарирање на четири фракции со димензии 0-4 mm, 4-8 mm, 8-16 mm и 16-32 mm. Машината преку ситата го сепарира наносниот материјал на четирите фракции и истите привремено се складираат на отворени купови во непосредна близина на машината.

На Слика 8 се прикажани приемниот бункер, транспортните ленти и машината за сепарација.



*Слика 8 Приемниот бункер и машината за сепарација со транспортни ленти*

При минување на наносниот материјал низ машината за сепарација се употребува вода за промивање на материјалот, со цел отстранување на нечистотии и намалување на количината на прашина. Бидејќи постројката не е поврзана на водоводната мрежа, водата се зафаќа од река Вардар. Од страна на ХИДРО ЕНЕРГО ИНЖЕНЕРИНГ е изработен *Основен проект за користење на вода од река Вардар,* и истиот е даден во Прилог 4. Зафатот на вода од река Вардар е на географските координати X: 7574580,243 и Y: 4609787,579.

По промивањето на наносниот материјал, отпадната вода оди во систем од четири таложници, по што преку подземен систем за одведување на отпадните води се враќа назад во река Вардар. На дното од таложниците се таложи мил, која по одредено време се црпи од дното на таложниците и се употребува како тампон при градежни активности.

На Слика 9 е дадена поедноставена шема на процесот на сепарација.




*Слика 9 Едноставна шема на процесот на сепарација*

# III. Управување и контрола

Организационата поставеност на постројката за сепарација на „ЕУРО-ИНТЕР“ е прикажана на Слика 10




*Слика 10 Организациона поставеност*

Во постројката за сепарација се вработени вкупно 5 лица – еден управител на постројката и четири општи работници (возачи и машинист). Работата во постројката за сепарација е организирана во една смена од 8 работни часа (07:00 – 15:00), 5 дена во неделата (понеделник-петок). Режимот на работа е променлив во зависност од обемот на работа. Освен паузата од 30 минути, вработените користат и дополнителни краткотрајни паузи доколку ритамот на работа го дозволува тоа.

**Работно место: Управител**

Управителот организира и координира извршување на поставените задачи, го следи нивното спроведување и ги мотивира вработените. Работните активности најчесто се сведуваат на преземање на административни работни задачи со цел управување со работниот процес. Овие активности треба да ги задоволат целите на организацијата: да се одржи и да се зголеми продуктивноста и профитот, да ги задоволи променливите потреби на одредени клиенти, да воведи технолошки промени и иновативност во процесот на работа. Управителот предлага годишни и месечни планови со кои се обезбедуваат потребните активности и ресурси за изведување на сите активности на компанијата “ЕУРО-ИНТЕР“.

**Работно место: Работник (машинист/возач)**

Во рамки на сепарацијата работат вкупно четири (4) работници. Работните задачи на работниците се однесуваат на одржување на сепарацијата со сите нејзини елементи (приемен бункер, транспортни ленти, сита, итн.), како и други општи работи во сепарацијата. Секој работник има правна обврска да се грижи и да внимава на својата безбедност и здравје при работа и максимално да ги избегне непријатностите кои може да влијаат на безбедноста и здравјето на кое било друго лице.

Машинистот управува со механизацијата – утоварувачи и багери, додека возачите имаат задача со камионите да го пренесуваат материјалот од коритото на река Вардар до постројката за сепарација, и доколку има потреба од постројката за сепарација до крајните потрошувачи.

Согласно националното законодавство за животна средина (Сл. Весник бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15 129/15, 192/15, 39/16, 98/18, 89/22, 99/22, 171/2022 и 3/25), а со цел обезбедување на потребните дозволи за пуштање во функција на инсталацијата, Операторот на сепарацијата ја изготви потребната документација поврзана со постапката за оценка на влијание на проектите врз животната средина и постапката за добивање на Дозвола за користење на вода. Операторот "ЕУРО-ИНТЕР" ДООЕЛ сопственик на сепарацијата, на 22.08.2025 година до Министерството за животна средина и просторно планирање ги поднесе следните документи:

- *Елаборат за заштита на животна средина за Постројка за сепарација на КП 20 И КП 21, КО Виничани, Општина Градско за потребите на ДПТУ „ЕУРО-ИНТЕР" ДООЕЛ Скопје ;*
- *Елаборат за заштита на животна средина за Користење на техничка вода од река Вардар на КП 1311/1 КО Виничани за КП 20 и КП 21, КО Виничани за „ЕУРО-ИНТЕР" ДООЕЛ, Општина Градско";*
- *Барање за издавање на Дозвола за користење на техничка вода од река Вардар на КП 1311/1, КО Виничани за постројка за сепарација лоцирана на КП 20 и КП 21, КО Виничани за потребите на ДПТУ „ЕУРО-ИНТЕР" ДООЕЛ;*

Дописите за доставување на горенаведените документи во Министерството за животна средина и просторно планирање се дадени во Прилог 8, Прилог 9 и Прилог 10.

По добивање на Решение за одобрување на двата Елаборати ќе бидат дополнително доставени кон надлежниот орган за постапување со ова Барање за добивање на Б интегрирана еколошка дозвола.

# IV. Суровини и помошни материјали и енергии употребени или произведени во инсталацијата

Во процесот на сепарација на наносен материјал се користат само неколку суровини, енергии и помошни материјали – наносен материјал, вода, гориво и електрична енергија.

Наносниот материјал претставува основната суровина, бидејќи процесот кој се одвива во постројката претставува сепарација по фракции на истиот. Наносниот материјал се црпи од коритото на река Вардар, се транспортира до постројката, се промива и се сепарира во четири фракции: 0-4 mm, 4-8 mm, 8-16 mm и 16-32 mm. Постројката е со капацитет за сепарирање од околу 100 $m^3$ на ден, што значи дека годишната количина на сепариран наносен материјал изнесува околу 20.000 $m^3$.

Во постројката вода се користи за промивање на наносниот материјал и за санитарни потреби на вработените. Водата за промивање на наносниот материјал се обезбедува од река Вардар, а вода за санитарни потреби се користи преку претходно поставена чешма во рамки на постројката за сепарација.

Од страна на ХИДРО ЕНЕРГО ИНЖЕНЕРИНГ е изработен *Основен проект за користење на вода од река Вардар за технолошки потреби на постројката за сепарација*, и истиот е даден во Прилог 4.

Согласно проектот, на брегот на река Вардар е предвидена шахта со пумпна станица која со зафатот е поврзана со усисно црево HDPE ND 63. Согласно хидрауличните пресметки, во шахтата се вградени две пумпи со поединечна моќност од 5,5 kW. Едната пумпа е во функција, а другата е резервна. Во пумпната станица поставени се неповратен вентил, овални затварачи, водомер и други неопходни елементи.

Зафатот на вода од река Вардар е на географските координати: X: 7574580,243 и Y: 4609787,579. Графички приказ на локацијата на зафатот во однос на постројката за сепарација е прикажан во Прилог 5.

Во самиот процес на сепарација нема директна употреба на гориво, но истото е неопходно за работа на механизацијата која ја сочинуваат камиони-кипери, утоварувачи и багер.

Во постројката за сепарација поставен е резервоар за гориво со капацитет од 9.000 l кој е сместен во соодветна танквана и е опремен со пумпа за точење на гориво, како и настрешница за заштита од временските услови. Резервоарот за гориво е прикажан на Слика 11.



*Слика 11 Резервоар за гориво со капацитет од 90 t*

Се врши редовно надополнување на резервоарот со гориво преку цистерна за гориво која доаѓа на лице место и го полни резервоарот. Во зависност од цената на горивото, различни правни субјекти го вршат полнењето на резервоарот со гориво. Годишната потрошувачка на дизел гориво изнесува приближно 80.000 l.

За снабдување со електрична енергија постројката е поврзана на посебна трафостаница, лоцирана во непосредна близина на сепарацијата. Локацијата на трафостаницата во однос на постројката за сепарација е прикажана на Слика 12.




*Слика 12 Поставеност на трафостаницата во однос на постројката за сепарација*

Во работењето на постројката за сепарација, главната потрошувачка на електрична енергија е за погон на машината за сепарација. Останатата потрошувачка на електрична енергија е за функционирање на пумпите за транспорт на водата од река Вардар до машината за сепарација и за потребите на административниот објект (осветлување, греење и ладење, и сл.), но таа потрошувачка е незначителна. Годишната потрошувачка на електрична енергија изнесува околу 100.000 kWh.

Суровините и помошните материјали со наведени R и S фрази и енергијата која се користи, се прикажани во Табела 1.

*Табела 1 Суровини, помошни материјали и енергии*

| **Реф.бр** | **Материјал/ Супстанција[1)]** | **CAS[(4)] број** | **Категорија на опасност[(2)]** | **Моментално складирана количина (тони)** | **Годишна употреба (тони)** | **R i S фрази[(3)]** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наносен материјал (песок, чакал и камен) | / | / | / | 20.000 $m^3$ | / |
| 2. | Сепариран наносен материјал | / | / | / | 20.000 $m^3$ сепариран материјал | / |
| 3. | Вода | / | / | / | 1.872 $m^3$ | / |
| 4. | Дизел | 68334-30-5 | К2.1 запаливи течности | максимум 9000 l | 80.000 l | R40, R65, R66, R51/53 S36/37 M S61, S29, S2 |
| 5. | Електрична енергија | / | / | / | 100.000 kWh | / |

Согласно <u>*Основниот проект за користење на вода од река Вардар*</u> даден во Прилог 4, постројката за сепарација ќе работи 9 месеци во годината и <u>годишната потрошувачка на вода изнесува 1.872 $m^3$.</u>

*Табела 2 Количини на зафатена вода од река Вардар (преземено од горенаведениот Основен Проект)*

| Месец | Месечни количини на вода [m$^3$] | Вкупни количини на вода [m$^3$] |
|---|---|---|
| Јануари | 0 | 0 |
| Февруари | 0 | 0 |
| Март | 180 | 180 |
| Април | 216 | 396 |
| Мај | 216 | 612 |
| Јуни | 216 | 828 |
| Јули | 216 | 1044 |
| Август | 216 | 1260 |
| Септември | 216 | 1476 |
| Октомври | 216 | 1692 |
| Ноември | 180 | 1872 |
| Декември | 0 | **1872** |

Во постројката за сепарација, зафатената вода од река Вардар не се користи за други намена, освен за промивање на наносниот материјал при процесот на сепарирање.

***Складирање на суровините***

Во рамки на постројката за сепарација се врши привремено складирање на влезниот материјал – наносен материјал во сите фракции, сепариран наносен материјал по фракции и дизел гориво во резервоар за погон на механизацијата. Количините на складиран сепариран и несепариран материјал е тешко да се одредат, додека максималната количина на гориво кое се чува на лице место изнесува 9.000 l – колку што изнесува капацитетот на резервоарот.

Влезниот материјал – несепариран наносен материјал се складира во источниот дел од постројката, додека сепарираниот наносен материјал се складира во западниот дел од постројката, во непосредна близина на машината за сепарација. На Слика 13 е даден графички приказ на локациите каде што се врши складирање на влезните суровини.




*Слика 13 Складирање на суровините во рамки на постројката за сепарација*

Минерални, синтетички или индустриски масла, во течна или во полутечна состојба се употребуваат за подмачкување на опремата за сепарација на наносен материјал.

Согласно ***Закон за хемикалии ("Службен Весник на РСМ" бр. 145/10; 53/11; 164/13; 116/15; 149/15; 37/16; и 236/22)*** управувањето со ризикот од хемикалиите во Република Северна Македонија се заснова со начелото на претпазливост на производителот, увозникот или натамошниот корисник кои кога произведуваат, увезуваат, користат хемикалии ќе обезбедат избегнување на несакани ефекти по здравјето на луѓето и животната средина. Превентивниот пристап става акцент на проценката на опасните својства, односно класификацијата на хемикалиите, пред тие да бидат ставени во промет и информирање за опасноста преку одбележувањето (етикети и безбедносниот лист), во форма наменета за професионалните корисници. Во постапката на класификација се одлучува која класа на опасност ја носи хемикалијата, па аналогно на тоа се додаваат елементите за одбележување на етикетата пред хемикалијата да се стави во промет.

Дизел горивото кое е складирано во резервоарот и кое се користи за погон на механизацијата е со карактеристики кои во целост одговараат на македонскиот стандард за масла за горење МКС B.X2.430. Горивото се карактеризира со пониска содржина на сулфур од максимално дозволената, како и со одлична точка на течење и вискозност при екстремно ниски температури во зима.

Фрази на ризик (**R-фразите),** дефинирани според Анексот III на Директивата 67/548/EEC на Европската унија односно согласно безбедносниот лист за **дизел горивото се:**

- R 40: Ограничени докази за канцерогено дејство;
- R 65: Штетно – може да предизвика оштетување на белите дробови при голтање;

- R 66: Повторената изложеност може да предизвика сушење или пукање на кожата;
- R 67: Пареите може да предизвикаат поспаност и вртоглавица;

Симболи за опасност кои треба да бидат поставени на видно место во резервоарот во кој е складирано горивото:

| | | |
|---|---|---|
|  |  |  |
| Запалива супстанца | Внимание за опасност | Опасно по здравје |

Превентивни мерки за спречување на можни хаварии од користењето на хемикалии односно дизел горивото како и минерални, синтетички или индустриски масла, во течна или во полутечна состојба, кои се употребуваат за подмачкување на опремата, треба да се јасно дефинирани во Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи во рамки на инсталацијата, кој инсталацијата треба да го изготви.

Генералните превентивни мерки за ракување со суровините и хемикалиите, треба да бидат поставени на видно место, со цел да им бидат лесно воочливи на вработениот персонал, кој ќе ракува со истите.

# V. Цврст и течен отпад

Од работата на постројката за сепарација се очекува да се генерираат неколку видови на отпад:

**Мешан комунален отпад (20 03 01)**

Комуналниот отпад се создава од секојдневното функционирање на постројката, односно од вработените во постројката. Овој тип на отпад се собира во црни ќеси поставени во канта за отпадоци која се наоѓа во административниот објект. Поради малиот број на вработени во постројката за сепарација, количините на комунален отпад кои се создаваат се многу мали. Вреќите со комунален отпад потоа се отстрануваат во контејнери за мешан комунален отпад поставени во близина на постројката за сепарација. Контејнерите се поставени и се празнат од страна на Јавното комунално претпријатие „Клепа“, основано од Општина Градско.

**Метални делови од механизација (16 01 17; 16 01 18)**

На постројката за сепарација се создава метален отпад како резултат на замена на делови во случај на дефект на некој од деловите од машината за сепарација или замена на делови од механизацијата. Металните делови привремено се складираат на отворени купови во рамки на постројката за сепарација. Во моментов, „ЕУРО-ИНТЕР“ ДООЕЛ нема склучено договор за преземање на овој тип на отпад. Инвеститорот е во тек на склучување на договор со овластен постапувач со овој тип на отпад. Договорот ќе биде дополнително доставен до надлежниот орган (во рок од 15 дена).

**Отпадни гуми (16 01 03)**

Од механизацијата која се користи во постројката се создаваат отпадни гуми, како резултат на замена на истите со нови. Отпадните гуми привремено се чуваат на отворено во рамки на постројката за сепарација, се до нивно преземање од страна на „ЕКО СЕЛЕКТ“, со кој „ЕУРО-ИНТЕР“ ДООЕЛ има склучено договор за преземање на овој тип на отпад. Договорот со „ЕКО СЕЛЕКТ“ е даден во Прилог 6.

**Отпадни моторни и трансмисиони масла и масла за подмачкување (13 02)**

Отпадните моторни и трансмисиони масла и масла за подмачкување, како и празни садови од масла привремено се складираат на точно одредена локација во рамки на постројката за сепарација. Во моментов „ЕУРО-ИНТЕР“ ДООЕЛ нема склучено договор за преземање на овој тип на отпад. Инвеститорот е во тек на склучување на договор со овластен постапувач со овој тип на отпад. Договорот ќе биде дополнително доставен до надлежниот орган (во рок од 15 дена).

Подетално, сите отпади кои се генерираат во инсталацијата за Сепарација на наносен материјал – песок чакал камен се прикажани во Табела 3.

*Табела 3 Генерирани видови на отпад*

| Реф. Бр. | Вид на отпад/материјал | Број од Европскиот каталог на отпад | Количина | | Преработка/одложување | Метод и локација на одложување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Месечна количина (тони) | Годишна количина (тони) | | |
| 1. | Мешан комунален отпад | 20 03 01 | 0,08 | 0,8 | / | Привремено се складира во црни ќеси поставени во канта за отпадоци, а потоа се отстрануваат во контејнери за комунален отпад поставени од страна на ЈКП „Клепа“ |
| 2. | Метални делови од механизација | 16 01 17<br>16 01 18 | 0,05 | 0,5 | / | Привремено се складираат во рамки на постројката за сепарација. Во тек е склучување на договор за нивно преземање. |
| 3. | Отпадни гуми | 16 01 03 | 0,04 | 0,4 | / | Се преземаат од страна на „ЕКО СЕЛЕКТ“ – Договор во Прилог 6. |
| 4. | Отпадни моторни и трансмисиони масла и масла за подмачкување | 13 02 | 0,02 | 0,2 | / | Привремено се складираат во рамки на постројката за сепарација. Во тек е склучување на договор за нивно преземање. |

# VI. Емисии во атмосферата

Од работењето на постројката за сепарација се создаваат одредени емисии во воздух кои главно потекнуваат од самиот процес на сепарација на наносниот материјал, од движење на механизацијата и од истоварувањето на наносниот материјал на отворените складови.

Во постројката за сепарација нема стационарен извор на емисии. Машината за сепарација работи на електрична енергија и не емитува загадувачки материи во атмосферата, но при процесот на транспорт на материјалот од приемниот бункер до машината за сепарација и самиот процес на сепарирање на материјалот се создаваат фугитивни емисии на прашина. Во процесот на сепарација се користи вода за промивање на наносниот материјал со што значително се намалуваат овие фугитивни емисии на прашина од сепарирањето на материјалот.

Мобилни извори на емисии во рамки на постројката претставува механизацијата која вклучува 6 камиони-кипери, 2 утоварувачи и 1 багер. Овие возила работат на дизел гориво и генерираат издувни гасови кои содржат: азотни оксиди ($NO_x$), цврсти честички (PM), јаглерод моноксид (CO) и јаглерод диоксид ($CO_2$).

Покрај емисиите од согорување на горивото, механизацијата создава и фугитивни емисии на прашина како резултат на движење на механизацијата во рамки на постројката за сепарација.

Бидејќи во рамки на постројката за сепарација нема емисии од котел табелата со детали за емисијата за котел <u>не е релевантна.</u>

Детали за емисии во воздух – од котел (Не е релевантна)

| | | |
|---|---|---|
| Капацитет на котел<br>Производство на пареа:<br>Термален влез: | <br>kg/час<br>MW | |
| Гориво на котелот<br>Тип: јаглен/нафта/*LPG)/гас/биомаса итн*.<br>Максимален капацитет на согорување<br>Содржина на сулфур: | <br>/<br>$Nm^3/h$ | |
| NOx | $mg/Nm^3$<br>при(0°C. 3% $O_2$(Течност или гас), 6% $O_2$(Цврсто гориво) | |
| Максимален волумен на емисија | $m^3$/час | |
| Температура | °C(min) | °C(max) |
| Периоди на работа | / | Денови/годишно |

Детали за емисии во воздух

| Извор на емисија | Детали за емисијата | | | | Намалување на загадувањето |
|---|---|---|---|---|---|
| Референца/бр. на оџак | Висина на оџак [m] | Супстанција/ материјал | Масен проток [$mg/Nm^3$] | Проток на воздух [ $Nm^3$/час ] | Тип на филтер/ циклон/ скрубер |
| / | / | / | / | / | / |

# VII. Емисии во површински води и канализација

Од активностите на постројката за сепарација на „ЕУРО-ИНТЕР“ ДООЕЛ има испуштање на отпадни води во река Вардар. Во рамки на постројката најголемата потрошувачка на вода е за миење на наносниот материјал, а помала потрошувачка е за пиење и санитарни потребни на вработените.

Постројката за сепарација не е поврзана на канализационата мрежа, и отпадните води се испуштаат во река Вардар. Пред испуштање на отпадните води во река Вардар, истите минуваат низ систем од четири таложници изведени од армиран бетон со димензии 1,4 x 1,4 x 1,0 m. На дното од таложниците се таложат цврстите материи (мил), а водата прочистена од цврстите материи по пат на гравитација истекува во Вардар преку подземни канали. Таложниците се поставени под машината за сепарација и истите се прикажани на Слика 14.




*Слика 14 Поставеност на таложниците во однос на машината за сепарација*

Каналот за одведување на отпадните води преку таложниците е подземен, со крајна точка – испуст во река Вардар, која е лоцирана на географските координати X: 7574581 и Y: 4609856. Графички приказ на испустот во река Вардар во однос на самата постројка и апроксимативна траса на подземниот канал се прикажани на Слика 15.




*Слика 15 Точка на испуст во однос на постројката за сепарација*

Водата која се зафаќа од Вардар во процесот се користи исклучиво за миење на наносниот материјал и поради едноставноста на процесот истата не подлежи на хемиски промени.

Водата за миење на наносниот материјал се зафаќа во непосредна близина на местото од каде што се врши експлоатацијата на наносниот материјал, па затоа квалитетот на отпадната вода при испуст е ист како квалитетот на водата при зафаќање. Шемата за експлоатација и испуст на вода од Река Вардар е прикажана на Слика 16.




*Слика 16 Шема на зафаќање и испуштање на вода од река Вардар*

Во постројката е поставен мобилен тоалет за потребите на вработениот персонал и истиот се чисти од страна на овластена компанија „АДА ФАЛКЕ“. Согласно договорот, компанијата „АДЕ ФАЛКЕ“ е обврзана да врши чистење на мобилниот тоалет на неделно ниво. Договорот помеѓу „ЕУРО-ИНТЕР“ и „АДА ФАЛКЕ“ е даден во Прилог 7.

Досега не се направени испитувања за квалитетот на водата, па затоа табелите подолу остануваат непополнети.

| Параметар | Пред третирање | | | | После третирање | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Име на супстанција | Макс. Просек на час [mg/l] | Макс. Дневен просек [mg/l] | Kg/ден | Kg/год | Макс. Просек на час [mg/l] | Макс. Дневен просек [mg/l] | Вкупно [kg/ден] | Вкупно [kg/год] | Идентитет на реципиентот |
| pH вредност | | | | | | | | | |
| Суспендирани материи | | | | | | | | | |
| Матност | | | | | | | | | |

Точка на мониторинг/Референци од Националниот координатен систем:

| Параметар | Резултати (мг/л) | | | Метод на земање примерок (зафат, нанос итн.) | Нормален аналитички опсег | Метода/техника на анализа |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Датум | Датум | Датум | | | |
| | | | | | | |
| pH | | | | | | |
| Температура | | | | | | |
| Електрична проводливост EC | | | | | | |
| Амониумски азот NH4- N | | | | | | |
| Хемиска потрошувачка на кислород | | | | | | |
| Биохемиска потрошувачка на кислород | | | | | | |
| Растворен кислород O2(р-р) | | | | | | |
| Калциум Ca | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Кадмиум Cd | | | | | | |
| Хром Cr | | | | | | |
| Хлор Cl | | | | | | |
| Бакар Cu | | | | | | |
| Железо Fe | | | | | | |
| Олово Pb | | | | | | |
| Магнезиум Mg | | | | | | |
| Манган Mn | | | | | | |
| Жива Hg | | | | | | |

| Параметар | Резултати (mg/l) | | | | Нормален аналитички опсег | Метода/ техника на анализа |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Датум | Датум | Датум | Датум | | |
| | | | | | | |
| Никел Ni | | | | | | |
| Калиум K | | | | | | |
| Натриум Na | | | | | | |
| Сулфат CO4 | | | | | | |
| Цинк Zn | | | | | | |
| Вкупна базичност (како CaCO3) | | | | | | |
| Вкупен органски јаглерод TOC | | | | | | |
| Вкупен оксидиран азот TON | | | | | | |
| Нитрити NO2 | | | | | | |
| Нитрати NO3 | | | | | | |
| Фекални колиформни бактерии во раствор (/100мл) | | | | | | |
| Вкупно бактерии во раствор | | | | | | |
| Фосфати PO4 | | | | | | |

# VIII. Емисии во почва

Од активностите на постројката за сепарација на „ЕУРО-ИНТЕР“ ДООЕЛ не се идентификувани емисии во почвата бидејќи во посторјката се врши само сепарирање на наносниот материјал.

Евентуални емисии во почвата можат да се јават при инцидентни истекувања на масла и масти од механизацијата или истекувања на гориво при точење на истото од резервоарот за гориво во механизацијата.

Како што е опишано и во поглавјето IV, над резервоарот за гориво е поставена настрешница за заштита од временските услови, а самиот резервоар е поставен во соодветна танквана која има задача да ја прими складираната количина во резервоарот при евентуална хаварија.

Точењето на гориво се врши директно од резервоарот во механизацијата, на однапред определена локација во рамки на постројката за сепарација.

# IX. Земјоделски и фармерски активности

Од постројката за сепарација не се генерира отпад од земјоделски активности или за земјоделски намени. Поради тоа Табела 4 не е пополнета.

*Табела 4 Не е релевантна*

| | |
|---|---|
| Идентитет на површината | |
| Вкупна површина(ha) | |
| Корисна површина (ha) | |
| Култура | |
| Побарувачка на фосфор(kg P/ha) | |
| Количество на мил расфрлена на самата фарма ($m^3$/ha) | |
| Проценето количество фосфор во милта расфрлена на фармата (kg P/ha) | |
| Волумен што треба да се аплицира ($m^3$/ha) | |
| Аплициран фосфор (kg P/ha) | |
| Вк. количество внесена мил ($m^3$) | |

# X. Бучава, вибрации и нејонизирачко зрачење

Од работењето на постројката за сепарација се создаваат одредени емисии на бучава, кои главно потекнуваат од машината за сепарација со сите пропратни елементи (транспортни ленти, сита, електромотори, и сл.) и механизацијата – камиони, утоварувачи, багер.

Машината за сепарација претставува стационарен извор на бучава, додека камионите, утоварувачите и багерот претставуваат мобилни извори на бучава.

Постројката за сепарација работи 8 часа дневно, 5 дена во неделата, и емисиите на бучава се емитираат исклучиво за време на работното време на постројката. Машината за сепарација работи околу 7 часа дневно, исто како и механизацијата.

Кога станува збор за емисии на бучава, важно е да се утврди јачината и влијанието на истите врз околното население. Постројката за сепарација е лоцирана на КП 20 и КП 21, КО Ногаевци, помеѓу автопатот Е-75 и регионалниот пат Р1102. Најблиското населено место до проектната локација е Ногаевци – лоцирано на околу 1 km источно. На Слика 17 е прикажана локацијата на постројката за сепарација во однос на најблиското населено место Ногаевци.




*Слика 17 Постројката за сепарација во однос на најблиското населено место*

Според локацијата постројката *припаѓа на подрачје од IV степен на заштита од бучава, дефиниран во Правилникот за локациите на мерните станици и мерните места (Сл. Весник бр. 120/08) кои се подрачја каде се дозволени зафати во околината, кои можат да предизвикаат пречење со бучава, подрачје без станови, транспортни дејности, дејности за складирање и сервисни дејности и комунални дејности кои создаваат поголема бучава.*

Максималните дозволени вредности за подрачје од IV степен на заштита од бучава се пропишани во Правилникот за гранични вредности на нивото на бучава во животната средина (Сл. Весник на РМ бр. 147/08) и истите изнесуваат:

- 70 dBA – ден (07:00 – 19:00);
- 70 dBA – вечер (19:00 – 23:00);
- 60 dBA – ноќ (23:00 – 07:00).

Со оглед на тоа што постројката за сепарација има работно време од 7 до 15 часот, емисиите на бучава кои се создаваат од процесот не треба да надминуваат 70 dBA. Сепарацијата во текот на денот е оперативна 7 часа, односно 1.820 часа годишно, за 260 работни денови. Во Табела 5 се дадени главните извори на емисии на бучава при работење на постројката за сепарација.

*Табела 5 Извори на емисии на бучава*

| Извор на емисија Референца/број | Извор/уред | Опрема Референца/бр | Интензитет на бучава dB на означена оддалеченост | Периоди на емисија (број на часови претпладне/попладне) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Машина за сепарација со транспортни ленти, сита и др. опрема | / | 90 dBA на 15 m | 7 часа |
| 2 | Камиони | / | 76 dBA на 15 m | 5 часа |
| 3 | Багери | / | 81 dBA на 15 m | 5 часа |
| 4 | Утоварувачи | / | 85 dBA на 15 m | 5 часа |

# XI. Точки на мониторинг на емисии и земање примероци

## XI.1 Мониторинг на емисиите и точки на земање примероци

Во претходните поглавје беа објаснети изворите на емисии во воздух, вода, почва и создавање на бучава во рамки на постројката за сепарација на наносен материјал на „ЕУРО-ИНТЕР“. Во ова поглавје ќе бидат предложени точки за мониторинг на овие емисии.

***Емисии во воздух***

Во постројката за сепарација нема стационарен извор на емисии во воздух и како единствени емисии се јавуваат фугитивни емисии на прашина од сепарирањето на наносниот материјал и од движењето на механизацијата во рамки на постројката. За намалување на емисиите на прашина од сепарирањето на материјалот се користи вода со која се промива наносниот материјал и фугитивните емисии на прашина се сведуваат скоро на нула.

Мобилни извори на емисии претставуваат камионите, багерите и утоварувачите, кои работат на дизел гориво. Дизел горивото се набавува од локалните бензински станици, а горивото е со висок квалитет.

За постројката за сепарација на „ЕУРО-ИНТЕР“ не се предлагаат точки на мониторинг на емисии во воздух.

***Емисии во вода***

Постројката за сепарација користи вода која се зафаќа од река Вардар за промивање на наносниот материјал во машината за сепарација. Под машината за сепарација поставени се четири хоризонтални таложници, во кои влегува отпадната вода. Цврстите честички содржани во водата се таложат на дното на таложниците, а отпадната вода прочистена од цврсти честички истекува во подземна цевка и се испушта на околу 220 m северно од машината за сепарација, на географските координати X: 7574581 и Y: 4609856. Точката на испуст на вода од процесот во однос на постројката за сепарација е прикажана на Слика 18.




*Слика 18 Точката на испуст во река Вардар во однос на постројката за сепарација*

Водата се користи исклучиво за промивање на наносниот материјал, и поради едноставноста на процесот истата не подлежи на хемиски промени. Водата за промивање се зафаќа во непосредна близина на местото од каде што се врши експлоатацијата на наносниот материјал, па затоа квалитетот на отпадната вода при испуст е ист како квалитетот на водата при зафаќање.

Се предложува да се врши проверка на квалитетот на отпадната вода еднаш годишно, на точката на испуст од таложниците, за следните параметри: pH, суспендирани честички, матност и температура.

*Табела 6 Предлог мониторинг точки за емисии во води и канализација*

| **Мониторинг точки за води** | **Локација на емисиона точка** | **Предложена ознака на емисионата точка** | **Предложени параметри кои треба да се следат** |
|---|---|---|---|
| Испуст на отпадна вода од таложници | На испуст во река Вардар<br>Приближни координати:<br>X: 7574581<br>Y: 4609856 | V1 | pH<br>Суспендирани честички<br>Матност<br>Температура |

***<u>Емисии во почва</u>***

<u>Бидејќи со активностите кои се одвиваат во постројката за сепарација не се создаваат емисии во почва не се предлагаат точки за мониторинг на емисии во почва.</u>

***Емисии на бучава***

Главните извори на бучава во постројката за сепарација претставуваат машината за сепарација и механизацијата (камиони, утоварувачи, багер).

Се препорачува едно мерење годишно на емисиите на бучава од работата на постројката за сепарација на четири мерни места во, и околу постројката за сепарација.

- Мерното место **B1** со координати: 41°37'36.79"N и 21°53'29.39"E;
- Мерното место **B2** со координати: 41°37'38.01"N и 21°53'21.98"E;
- Мерното место **B3** со координати: 41°37'35.73"N и 21°53'21.14"E; и
- Мерното место **B4** со координати: 41°37'34.91"N и 21°53'23.27"E.

*Табела 7 Предлог мониторинг точки за емисии на бучава*

| **Мониторинг точки за бучава** | **Локација на емисиона точка** | **Предложена ознака на емисионата точка** | **Предложени параметри кои треба да се следат** |
|---|---|---|---|
| Мерно место 1 | 41°37'36.79"N<br>21°53'29.39"E | B1 | Бучава во животна средина |
| Мерно место 2 | 41°37'38.01"N<br>21°53'21.98"E | B2 | Бучава во животна средина |
| Мерно место 3 | 41°37'35.73"N<br>21°53'21.14"E | B3 | Бучава во животна средина |
| Мерно место 4 | 41°37'34.91"N<br>21°53'23.27"E | B4 | Бучава во животна средина |

Локацијата на предложените мерни места за мониторинг на бучава во животната средина е прикажана на Слика 19.




*Слика 19 Графички приказ на предложените мерни места за мерење на емисии на бучава*

# XII. Програма за подобрување

## XII.1 Вовед

## XII.2 Програма за подобрување

Ефективните мерки за заштита на животната средина се оние, кои се проектирани за намалување на предвидени влијанија од поединечните активности. Мерките за ублажување можат да бидат ефективни само доколку се применуваат соодветно и доколку се воспостави следење на нивната имплементација, за да се обезбеди дека мерката резултира со планираниот ефект.

Со цел потполно искористување на капацитетите, притоа одржувајќи го постојано квалитетот на своите производи на највисоко ниво и водејќи грижа за животната средина Операторот на сепарацијата во сопственост на "ЕУРО – ИНТЕР" ДООЕЛ, согласно Законот за животна средина и подзаконските акти кои се однесуваат на интегрираното спречување и контрола на загадувањето ја предлага следната Програма за подобрување

Операторот претставува програма на дефинирани организациони активности кои ги опфаќаат аспектите прикажани во Табела 8.

*Табела 8 Предвидени активности согласно Програмата за подобрување*

| Ред. бр. | Активност |
|---|---|
| 1. | **Мерка 1: Имплементирање на добра оперативна пракса:**<br>▪ Намалување на негативен визуелен ефект на животна средина и физичко уредување на просторот<br>▪ Намалување на емисии на бучава<br>○ Исклучување на моторите на транспортните возила и опрема која создава бучава во моменти кога нема потреба од нивно работење<br>▪ Намалување на емисии на прашина<br>○ Редовно попрскување со вода на деловите каде се движат камионите и на деловите каде е складиран наносниот материјал кој се сепарира на 4 фракции фракции<br>○ Планирање на рутите на товарење на нанос во камиони-кипери и нивно транспортирање до постројката за сепарација, факторот на товарење и истоварање на отпадна пластика се од големо значење на намалување на потрошувачката на гориво и емисијата на издувни гасови и фугитивна емисија на прашина<br>○ Редовна контрола на ефикасноста на механизацијата и технолошките линии<br>*Рок на реализација: континуирано*<br>*Планирани финансиски средства: 100 EUR месечно за вода за прскање* |

| Ред. бр. | Активност |
|---|---|
| 2. | **Мерка 2: Намалување на можноста за истекување на емисии во почва**<br>- Редовно сервисирање на механизацијата со цел спречување на истекување на гориво, масти или масла;<br>- Избегнување на точење на гориво во самата инсталација, а доколку не е можно, секогаш да се користи танквана под местото каде се врши точењето на гориво;<br>- Истеченото гориво/масло треба да се третира како опасен отпад, соодветно да се собере, означи како опасен отпад и предаде на овластени постапувачи со овој вид на отпад;<br><br>*Рок на реализација: континуирано*<br>*Планирани финансиски средства: 500 EUR месечно* |
| 3. | **Мерка 3: Обука на вработениот персонал за спроведување на мерки за заштита на животната средина, енергетска ефикасност и безбедност и здравје при работа**<br>- Континуирана обука на персоналот за спроведување на добра пракса при ракување со камионите, багерите, ископ и транспорт на наносен материјал, со машината за сепарација, како и при точење на гориво во и од резервоарот за гориво со цел да не се предизвика нарушување на животната средина и околното опкружување<br><br>*Рок на реализација: За нововработени – еден месец по вработување, а за веќе вработените лица еднаш годишно;*<br>*Планирани финансиски средства: 2.000 EUR годишно* |
| 4. | **Мерка: Мерење на количините на отпадна вода**<br>- На точката на испуст на таложникот да се вгради уред за континуирано мерење на количините на отпадни води и да се врши редовна евиденција на дневна основа.<br><br>*Рок на реализација: До март 2026 година*<br>*Планирани финансиски средства: 2.000 EUR* |

# XIII. Спречување хаварии и реагирање во итни случаи

Како можни опасности од несреќи и хаварии кои може да се јават во сепарацијата поврзани се со:

- Манипулација со наносот и складирање на сепариран наносен материјал
- Истекување на масла од сепарацијата, камионите
- Истекување на гориво од резервоарот или од камионите
- Појава на пожар

За спречување на појава на хаварии и реагирање во итни случаи потребно е да се подготват процедури кои ќе ги идентификуваат случаите при кои може да се појават настани кои ќе имаат негативни последици и влијание врз животната средина.

Операторот на постројката за сепарација ќе ги преземе следните мерки и активности со цел соодветно реагирање во итни случаи и спречување на хаварии:

- Изготвување на План за заштита и спречување во случај на хаварии;
- Спроведување на проценка на ризик на сите работни места поврзани со процесот на сепарација - производство на сепариран наносен материјал (песок, чакал и камен) по фракции;
- Употреба на соодветна опрема за лична заштита, согласно препораките кои произлегуваат од проценката на ризик на соодветните работни места (работно одело, шлем, ракавици и сл.);
- Почитување на општите правила за безбедност и здравје при работењето;
- Обележување и осигурување на локацијата, согласно законските прописи од областа на безбедност и здравје при работа;
- Набавка на заштитна опрема и облека за работниците, како и средства за давање на прва помош;
- Обезбедување наи метод за контрола и минимизирање на повредите на персоналот, оштетувањата на животната средина и оштетување на имотот во случај на посериозен инцидент;
- Да се врши редовно одржување и контролирање на електричната инсталација, електричните потрошувачи (машината за сепарација, пумпите за зафаќање на водата од река Вардар и за потребите на административниот објект: осветлување, греење и ладење);

- Да обезбеди обука и вежби на персоналот, развивање на сценарија за подготвеност за ефективна интервенција и реакција во случај на инциденти;
- Редовно сервисирање на целокупната опрема која се користи во текот на изведувањето активности, а со цел избегнување на евентуални несакани застои во работата и контаминација на просторот предвиден за работа. Сервисот да се врши од овластени сервиси за таа намена, Забрането е да се врши поправка, одржување на механизацијата на локацијата на постројката за сепарација;
- Поставување на ПП апарати кои ќе се употребуваат во случај на пожар и нивно редовно одржување. За сите уреди и опрема за заштита од пожар ќе обезбеди документи-сертификати и атести;
- Во случај на пожар, за негово гаснење ќе се користат ПП апарати, а ако пожарот е од поголем карактер ќе се бара помош од најблиската ПП бригада;
- Во случај на пожар потребно е да се врши исклучување на доводот на електрична енергија;
- Спроведување на обука за заштита од пожари на сите работници со цел запознавање со основните чекори за превенција од појава на пожари и начини на реагирање при појава на пожари, Обука за користење на ПП апаратите;
- Поставување на видно место непосредно до опремата и средствата за гаснење на пожари, упатство за гаснење на пожари и пожарен куќен ред;
- Редовен мониторинг на исполнетоста на таложникот и негово чистење;
- Набавка на спил кит како средство за користење при настанување на излевање на гориво или моторно масло во почва;
- При инцидентно испуштање на гориво или моторно масло на локацијата во рамки на постројката за сепарација ќе пристапи кон:
  - запирање на работата на возилата и машините
  - локализирање на истекувањето и контаминираната почва
  - нанесување на средство за впивање на истеченото гориво, масло, хемикалија (песок, апсорбирачки материјал);

- да се собере складира и предаде на овластен постапувач за таков вид на отпад согласно Законот за управување со отпад

- За резервоарот за гориво Операторот ќе ги применува најстрогите технички мерки за заштита пропишани со законодавството кое го регулира складирањето и преточувањето на горива;
- Просторот околу резервоарот е потребно да биде обезбеден само овластени лица од персоналот да пристапуваат да вршат точење на гориво;
- Потребно е континуирано следење на исправноста на резервоарот и доколку се приметат истекувања во танкваната веднаш да се пристапи кон соодветно санирање на причините;
- При точење на гориво од цистерна во резервоарот, цистерната да биде исклучена од работа и да се има ПП апарат и спил кит во случај на можни излевања веднаш да се интервенира со собирање на истеченото гориво и загадената почва.

# XIV. Ремедијација, престанок со работа, повторно започнување со работа и грижа по престанок со активностите

## XIV.1 План за престанок на активноста на сепарација на камен агрегат

Во случај на делумен или целосен престанок со работа на постројката за сепарација на „ЕУРО-ИНТЕР“ ДООЕЛ потребно е да се направи План за минимизирање на краткорочните и долгорочните ефекти на активноста врз животната средина.

Освен машината за сепарација, сите други елементи на постројката се мобилни и можат лесно да се демонтираат и отстранат од локацијата. Пред да се пристапи кон демонтажа на опремата и објектите, потребно е да се извршат подготвителни активности кои ќе опфаќаат:

- Миење на целокупната опрема;
- Секундарна деконтаминација на опремата и механизацијата, која вклучува отстранување на било какви можни остатоци од масла, гориво и сл.;
- Демонтажа на опремата;
- Собирање, транспорт и финално отстранување или третман на создадениот отпад;




*Слика 20 Генерална шема на процесот на подготовка и демонтажа на опремата*

Пред започнување со подготвителните активности се препорачува формирање на тим од страна на „ЕУРО-ИНТЕР“ ДООЕЛ кој ќе биде одговорен за раководење на целиот процес при подготовка за демонтажа, вршење на потребни мерења и следење на целиот процес на демонтажа.

По престанок со работа на постројката за сепарација и спроведување на активностите и мерките од Планот за демонтажа, инсталацијата ќе започне постапка за враќање на животната средина во нејзината почетна состојба со примена на соодветни мерки.

# XV. Резиме без технички детали

Локацијата на која е поставена постројката за сепарација е на КП 20 и КП 21 КО Виничани. Вкупната површина на катастарските парцели КП 20 и КП 21 изнесува 3.679 $m^2$. Постројката за сепарација е лоцирана на територијата на Општина Градско, во близина на населеното место Ногаевци. Локацијата се наоѓа помеѓу Автопатот Е-75 и Регионалниот пат Р1102. Географските координати на проектната локација се: 41°37'37"N 21°53'23"E.

Најблиските населени места во однос на проектната локација се:

- Ногаевци – на околу 1 km источно;
- Виначини – на околу 3 km јужно;
- Водоврати – на околу 5 km јужно;
- Уланци – на околу 6 km југо-источно;
- Градско – на околу 7 km југо-источно;

Потесното опкружување на проектната локација го сочинуваат:

- Автопатот Е-75, кој се протега во правец исток-запад на околу 30 m јужно од постројката за сепарација;
- Регионалниот пат Р1102, кој се протега во правец исток-запад, северно од постројката;
- Железничката пруга, која се протега во правец исток-запад на околу 100 m северно од постројката;
- Река Вардар, која тече северно од постројката за сепарација, на оддалеченост од околу 300 m;

Основната дејност на постројката за сепарација на „ЕУРО-ИНТЕР“ ДООЕЛ е производство на сепариран наносен материјал (песок, чакал и камен) по фракции. Постројката за сепарација е поставена на државно земјиште. „ЕУРО-ИНТЕР“ ја има откупено постројката за сепарација од компанијата „НИП ПРОЕКТ“ во 2017 година. Компанијата „НИП ПРОЕКТ“ претходно има добиено концесија за користење на државното земјиште на кое е поставена постројката за сепарација. Концесијата е со време на траење од 30 години. Земјиштето на кое е поставена постројката за сепарација е со намена Г2.1 – Лесна градежна индустрија.

Постројката за сепарација се состои од неколку главни елементи:

- Машина за сепарација со отворен бункер, сита и транспортни ленти;
- Отворени купови со сепариран и несепариран материјал;
- Паркинг за механизацијата (камиони, утоварувачи, багер);
- Резервоар за гориво;
- Административен објект со површина од 20 $m^2$;

Процесот на сепарација започнува со набавка на наносен материјал кој се сепарира во постројката. Во моментов, наносниот материјал се обезбедува од речното корито на река Вардар согласно важечкиот *Договор за продажба на наносен материјал – песок, чакал и камен со Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија (бр. на Договор 10-264/14 од 19.07.2024 година)*, даден во Прилог 3. Минералната суровина се отстранува од речното корито на река Вардар согласно *Дозволата за вадење песок, чакал и камен од коритата и бреговите на површинските водни тела река Вардар, делница Ногаевци, на КП 303, КП 439, КП 920 и КП 1311/1, КО Ногаевци, КО Виничани, КО Кочилари и КО Свеќани, во должина од 800,00 метри, Општина Градско, во подрачјето на речен слив Вардар, заради уредување на режимот на водите, бр. УП1 11/5-406/24 од 09.05.2024 година, издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање*.

Од местото на експлоатација на минералната суровина, истата со багер се товари во камиони-кипери. Камионите потоа пристигнуваат на постројката за сепарација и ја искипуваат минералната суровина на отворен склад во рамки на постројката. Од отворениот склад со утоварувач наносниот материјал се префрла во приемен бункер, по што преку систем на транспортните ленти со соодветни сита со различни димензии, наносниот материјал се сепарира на 4 фракции: 0-4 mm; 4-8 mm; 8-16 mm и 16-32 mm. Четирите фракции се складираат на отворени купови, се до нивно товарење во камиони-кипери за понатамошен транспорт за финална употреба. Транспортот на финалниот продукт – сепариран наносен материјал по фракции, некогаш се врши од страна на „ЕУРО-ИНТЕР“, а некогаш самите клиенти доаѓаат и го преземаат сепарираниот наносен материјал со сопствени камиони.

Опремата која се користи во постројката за сепарација се состои од:

- Машина за сепарација - 1;
- Камиони-кипери - 6;
- Багер - 1;
- Утоварувачи - 2

При минување на наносниот материјал низ машината за сепарација се употребува вода за промивање на агрегатот, за намалување на количината на прашина. Бидејќи постројката не е поврзана на водоводната мрежа, водата се зафаќа од Река Вардар. Од страна на ХИДРО ЕНЕРГО ИНЖЕНЕРИНГ е изработен Основен проект за користење на вода од река Вардар. Зафатот на вода од река Вардар е на географските координати X: 7574580,243 и Y: 4609787,579.

По промивањето на наносниот материјал, отпадната вода оди во систем од четири таложници, по што преку подземен систем за одведување на отпадните води се враќа назад во река Вардар. На дното од таложниците се таложи мил, која по одредено време се црпи од дното на таложниците и се употребува како тампон при градежни активности.

Во постројката за сепарација се вработени вкупно 5 лица – еден управител на постројката и четири општи работници (возачи и машинист). Работата во постројката за сепарација е организирана во една смена од 8 работни часа (07:00 – 15:00), 5 дена во неделата (понеделник-петок).

Во процесот на сепарација на наносен материјал се користат само неколку суровини, енергии и помошни материјали – наносен материјал, вода, гориво и електрична енергија. Во постројката вода се користи за промивање на наносниот материјал и за санитарни потреби на вработените. Водата за промивање на наносниот материјал се обезбедува од река Вардар, а вода за санитарни потреби се користи преку претходно поставена чешма во рамки на постројката за сепарација. Во самиот процес на сепарација нема директна употреба на гориво, но истото е неопходно за работа на механизацијата која ја сочинуваат камиони-кипери, утоварувачи и багер.

Во постројката за сепарација поставен е резервоар за гориво со капацитет од 9.000 l кој е сместен во соодветна танквана и е опремен со пумпа за точење на гориво, како и настрешница за заштита од временските услови. За снабдување со електрична енергија постројката е поврзана на посебна трафостаница, лоцирана во непосредна близина на сепарацијата. Согласно Основниот проект за зафат на вода од река Вардар, постројката за сепарација ќе работи 9 месеци во годината и годишната потрошувачка на вода изнесува 1.872 $m^3$.

Од работата на постројката се создаваат неколку фракции на отпад:

- Мешан комунален отпад (20 03 01);
- Отпадни моторни и трансмисиони масла и масла за подмачкување (13 02);
- Отпадни метални делови од механизација (16 01 17; 16 01 18);

Во постројката за сепарација нема стационарен извор на емисии. Машината за сепарација работи на електрична енергија и не емитува загадувачки материи во атмосферата, но при процесот на транспорт на материјалот од приемниот бункер до машината за сепарација и самиот процес на сепарирање на материјалот се создаваат фугитивни емисии на прашина. Мобилни извори на емисии во рамки на постројката претставува механизацијата која вклучува 4 камиони-кипери, 2 утоварувачи и 1 багер.

Постројката за сепарација не е поврзана на канализационата мрежа, и отпадните води се испуштаат во река Вардар. Пред испуштање на отпадните води во река Вардар, истите минуваат низ систем од четири таложници, во кои на дното се таложат цврстите материи (мил), а водата прочистена од цврстите материи по пат на гравитација истекува во Вардар преку подземни канали. Каналот за одведување на отпадните води преку таложниците е подземен, со крајна точка – испуст во река Вардар, која е на географските координати X: 7574581 и Y: 4609856.

Водата која се зафаќа од Вардар во процесот се користи исклучиво за миење на наносниот материјал и поради едноставноста на процесот истата не подлежи на хемиски промени.

Водата за миење на наносниот материјал се зафаќа во непосредна близина на местото од каде што се врши експлоатацијата на наносниот материјал, па затоа квалитетот на отпадната вода при испуст е ист како квалитетот на водата при зафаќање.

Од активностите на постројката за сепарација на „ЕУРО-ИНТЕР“ ДООЕЛ не се идентификувани емисии во почвата бидејќи во посторјката се врши само сепарирање на наносниот материјал.

Од работењето на постројката за сепарација се создаваат одредени емисии на бучава, кои главно потекнуваат од машината за сепарација со сите пропратни елементи (транспортни ленти, сита, електромотори, и сл.) и механизацијата – камиони, утоварувачи, багер.

Машината за сепарација претставува стационарен извор на бучава, додека камионите, утоварувачите и багерот претставуваат мобилни извори на бучава.

За постројката за сепарација на „ЕУРО-ИНТЕР“ не се предлагаат точки на мониторинг на емисии во воздух.

Се предложува да се врши проверка на квалитетот на отпадната вода еднаш годишно, на точката на испуст од таложниците, за следните параметри: pH, суспендирани честички, матност и температура.

Бидејќи со активностите кои се одвиваат во постројката за сепарација не се создаваат емисии во почва не се предложуваат точки за мониторинг на емисии во почва.

Се препорачува мерење на емисиите на бучава од работата на постројката за сепарација на четири мерни места во, и околу постројката за сепарација.

## XVI. Изјава

Со оваа изјава поднесувам барање за дозвола/ревидирана дозвола, во согласност со одредбите на Законот за животната средина (Службен весник на РМ 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и Сл. Весник на РСМ бр.89/22 и 171/22) и прописите усвоени за таа цел.

Потврдувам дека информациите дадени во ова барање се вистинити, точни и комплетни.

Немам никаква забелешка на одредбите на Министерството за животна средина и просторно планирање или на локалните власти за копирање на барањето или на негови делови за потребите на друго лице.

**Потпишано од:** „ЕУРО-ИНТЕР“ ДООЕЛ

**Датум:** 27.08.2025 година

*( во името на организацијата )*

**Име на потписникот**: Моамер Османовиќ

**Позиција во организацијата:** Одговорно лице за Барањето за Б-ИЕД

_________________________

*Печат на компанијата*

# XVII. Прилози


Прилог 1 Тековна состојба за „ЕУРО-ИНТЕР“ ДООЕЛ....................................................51

Прилог 2 Имотен Лист за КП 20 и КП 21, КО Виничани..................................................54

Прилог 3 Договор за продажба на наносен материјал(песок, чакал и камен) од речните корита со Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија56

Прилог 4 Основен проект за користење на вода од река Вардар..................................60

Прилог 5 Графички приказ на зафатот во однос на постројката за сепарација .............62

Прилог 6 Договор со ЕКО СЕЛЕКТ ........................................................................65

Прилог 7 Договор со АДА ФАЛКЕ........................................................................67

Прилог 8 Допис од МЖСПП за Доставување на Елаборат за заштита на животната средина за Постројка за сепарација.........................................................................70

Прилог 9 Допис од МЖСПП за Доставување на Елаборат за заштита на животната средина за користење на техничка вода од река Вардар..............................................71

Прилог 10 Допис од МЖСПП за Доставување на Барање за издавање на Дозвола за користење на техничка вода од река Вардар .................................................................72

*Прилог 1 Тековна состојба за „ЕУРО-ИНТЕР“ ДООЕЛ*

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Трговски регистар и регистар на други правни лица

www.crm.com.mk

Број: 0805-50/150120250015701
Датум и време: 8.7.2025 г. 08:58

# ТЕКОВНА СОСТОЈБА

| ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ | |
|---|---|
| **ЕМБС:** | 7762836 |
| **Целосен назив:** | Друштво за транспорт, производство и услуги ЕУРО-ИНТЕР ДООЕЛ експорт-импорт Долно Коњари Петровец |
| **Кратко име:** | ЕУРО-ИНТЕР ДООЕЛ експорт-импорт Долно Коњари Петровец |
| **Седиште:** | 1 бр.11 ДОЛНО КОЊАРИ, ПЕТРОВЕЦ |
| **Вид на субјект на упис:** | ДООЕЛ |
| **Датум на основање:** | 22.5.2024 г. |
| **Времетраење:** | Неограничено |
| **Деловен статус:** | Активен |
| ***Вид на сопственост:** | Приватна |
| **ЕДБ:** | 4069024503679 |
| **Потекло на капиталот:** | Домашен |
| **Големина на субјектот:** | мал |
| **Организационен облик:** | 05.4 - друштво со ограничена одговорност основано од едно лице |
| **Надлежен регистар:** | Трговски Регистар |

| ОСНОВНА ГЛАВНИНА | |
|---|---|
| **Паричен влог MKD:** | 0,00 |
| **Непаричен влог MKD:** | 310.000,00 |
| **Уплатен дел MKD:** | 310.000,00 |
| **Вкупно основна главнина MKD:** | 310.000,00 |

## СОПСТВЕНИЦИ

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ/ЕМБС:** | 0303954455141 |
| **Име и презиме/Назив:** | ХАЈРИЈА ОСМАНОВИЌ |
| **Адреса:** | 1 бр.11 ДОЛНО КОЊАРИ, ПЕТРОВЕЦ |
| **Тип на сопственик:** | Основач/сопственик |

Број: 0805-50/150120250015701 Страна 1 од 3

| | |
|---|---|
| **Паричен влог MKD:** | 0,00 |
| **Непаричен влог MKD:** | 310.000,00 |
| **Уплатен дел MKD:** | 310.000,00 |
| **Вкупен влог MKD:** | 310.000,00 |

| ДЕЈНОСТИ | |
|---|---|
| **Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:** | 08.120 - Вадење чакал, песок, глина и каолин |
| **ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС** | |
| **Евидентирани се дејности во надворешниот промет** | |

**ОВЛАСТУВАЊА**

**Управител**

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ:** | 0303954455141 |
| **Име и презиме:** | ХАЈРИЈА ОСМАНОВИЌ |
| **Адреса:** | 1 бр.11 ДОЛНО КОЊАРИ, ПЕТРОВЕЦ |
| **Овластувања:** | Управител-ССС |
| **Тип на овластување:** | Неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет |
| **Овластено лице:** | Управител |

| ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| **КОНТАКТ** | |
| **E-mail:** | eurointer2024@gmail.com |

**Напомена:**
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија

**Правна поука:** Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Изготвил: ____________ Овластено лице: ____________

Број: 0805-50/150120250015701 Страна 2 од 3

Број: 0805-50/150120250015701

Страна 3 од 3

*Прилог 2 Имотен Лист за КП 20 и КП 21, КО Виничани*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
-Центар/одде.за катастар на недвижности ВЕЛЕС

бр. 1101/262 20-1-2010 200 год.

# ИМОТЕН ЛИС

ИЗВОД ИЗВОД ИЗВОД ПРЕПИС

## ЛИСТ А

| Матичен број на граѓанинот | Носител на правото на недвижностите: за граѓанинот-презиме, татково име и име; за правното лице-точен назив на организацијата | Мест живе |
|---|---|---|
| | 1 Р.М.КОРИСНИК ОПШТИНСКО СОБРАНИЕ | ВЕЛЕС |

## ЛИСТ Б

| парцела | дел | згр. | Број на пл | Број на сл | ВИКАНО МЕСТО (улица) | КАТАСТАРСКА КУЛТУРА | бон класа |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 20 | | | 001 | 002 | ТОПКАРНИК | 16000 | |
| | | | | | ВКУПНО | | |

## ЛИСТ В

| парцела | дел | згр. | Број на вл. | Број на кат | Број на стан | намена на зградата | ВИКАНО МЕСТО (улица) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

## ЛИСТ Г

| парцела | дел | згр. | Број на вл. | Број на кат | Број на стан | ТОВАРИ |
|---|---|---|---|---|---|---|

**...Т број** ______

...извод извод КАТАСТАРСКА ОПШТИНА ВИНИЧАНИ

| ...о на ...ење | Улица | Број на куќата | | | Дел на посед | | Список на измени/год. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | број | влез | стан | а | б | |
| | | | | | 1 | 1 | 8- 96 |

| кат класа | површина | | | ПРАВО НА НЕДВИЖНОСТ | шифра приб. товари | објект во Е.Л. | град парц. | Список на измени/год. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ха | ари | м² | | | | | |
| | | 32 | 01 | 811 | | | 1 | |
| | | 32 | 01 | | | | | |

| ...собност | материјал на градба | површина | | ПРАВО НА НЕДВИЖНОСТ | шифра приб. товари | основ на градба | година на градба | Список на измени/год. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | а | м² | | | | | |

| | прибележување - службености и ограничувања- | Список на измени/год. |
|---|---|---|
| | | |

ЗА ДИРЕКТОР

"BA Company"

*Прилог 3 Договор за продажба на наносен материјал(песок, чакал и камен) од речните корита со Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија*

Друштво за транспорт, производство и услуги ЕУРО-ИНТЕР експорт-импорт
Бр. 01/2024
19-07- 2024 год.
дооел Петровец

Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост
Shoqëria Aksionare Ekonomia e Ujërave e Republikës së Maqedonisë së Veriut në pronësi shtetërore
Бр.-Nr. 10-264/14
19.02 2024 год./viti
Скопје/Shkup

**ДОГОВОР**

**за продажба на наносен материјал (песок, чакал и камен) од речните корита**

Склучен на ден ________________ година во Скопје, помеѓу

**1.Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост, Скопје** со седиште на ул. Аминта Трети бр.2 Скопје, со ЕДБ 4080015555228, со ЕМБС 7080336, преставувано од Главен извршен директор на Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје ( *Во понатамошниот текст како Продавач*), и

**2. Друштво зан транспорт, производство и услуги ЕУРО – ИНТЕР ДООЕЛ, експорт - импорт Долно Коњари, Петровец** ,со седиште на ул. 1, бр. 11, Долно Коњари, Петровец, со ЕДБ 4069024503679 со ЕМБС 7762836 застапувано од Хајрија Османовиќ (*Во понатамошниот текст како Купувач*)

***ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОР***

***ЧЛЕН 1***

Предмет на овој Договор е купопродажба на наносен материјал (песок, чакал и камен) остранет од речното корито на река Вардар, делница Ногаевци, на КП 303, КП 439, КП 920 и КП 1311/1, КО Ногаевци, КО Виничани, КО Кочилари и КО Свеќани, во должина од 800,00 метри, општина Градско, во подрачјето на речен слив Вардар, согласно Дозволата за вадење, песок, чакал и камен од коритата и бреговите на површинските водни тела река Вардар, делница Ногаевци, на КП 303, КП 439, КП 920 и КП 1311/1, КО Ногаевци, КО Виничани, КО Кочилари и КО Свеќани, во должина од 800,00 метри, општина Градско, во подрачјето на речен слив Вардар, заради уредување на режимот на водите, бр. УП1 11/5-406/24 од 09.05.2024 година издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање.

***ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ***

***ЧЛЕН 2***

Продавачот се обврзува да му продаде на купувачот наносен материјал (песок, чакал и камен) од речните корита во количина која нема да надмине од 29 780,00 согласно дозволата и динамичкиот план.

***ЧЛЕН 3***

За продадената количина на речен материјал (песок, чакал и камен) по 100,00 ден/м3 речен материјал плус 7% надомест за води и плус 18% ДДВ, согласно Записникот од отворањето на понудите од постапка по јавен повик за продажба на извaден наносен материјал и спроведена постапка за јавно наддавање бр. 10-264/11 од 07.06.2024 година.

***ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ***

***ЧЛЕН 4***

Договорот се склучува на период до важење на Дозволата за вадење, песок, чакал и камен од коритата и бреговите на површинските водни тела на река Вардар, делница Ногаевци, на КП

303, КП 439, КП 920 и КП 1311/1, КО Ногаевци, КО Виничани, КО Кочилари и КО Свеќани, во должина од 800,00 метри, општина Градско, во во подрачјето на речен слив Вардар, заради уредување на режимот на водите бр. УП1 11/5-406/24 од 09.05.2024 година, издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање.

**ГАРАНЦИЈА ЗА НАВРЕМЕНО И КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**
**ЧЛЕН 5**

Навременото и квалитетно извршување на Договорот, Купувачот го гарантира со доставување на банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот од банка прифатлива за продавачот. Висината на банкарската гаранција изнесува 10 % од вкупната вредност на договорот со вклучен ДДВ.

Гаранцијата се наплаќа во следните случаи:

- Доклку не го реализира плаќањето на обврските во предвидениот рок од член 9
- Во случај на раскинување на Договорот по вина на Купувачот.

Гаранцијата за навремено и квалитетно извршување на договорот му се враќа на Купувачот во рок од 14 дена по завршување на договорот, кое се потврдува со Записник за количината изваден материјал според техничката документација од договорот и целосно подмирување на финансиски обврски према Продавачот.

**ДИНАМИКА И НАЧИН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДОГОВОРОТ**
**ЧЛЕН 6**

Ископот на песок Купувачот ќе го врши со сопствена механизација на речното корито на река Вардар согласно изготвениот Основен проект.

Купувачот се обврзува да ја исколчи трасата од каде што ќе се врши ископот и истата да ја одржува исколчена во текот на време траење на договорот.

Купувачот се обврзува да не му овозможи на друго правно или физичко лице ископ на предметната делница во речното корито, со или без склучен договор.

Купувачот се обврзува на сопствен терет да разместува вишок наносен материјал заради уредување на коритото и бреговите во количина предвидена во проктната документација и условите во дозволата.

Речниот материјал кој ќе се мери према зафатнината на камионот во присуство на двете страни за што ќе биде издадена испратница која ќе ги содржи следните елементи : број на испратница, датум, количина, име и презиме на Купувачот, тип на возило и регистарски број на транспортното средство. За контрола и реализација на договорот, продавачот на локацијата на изведување на работите може да воспостави видео надзор.

Двете договорни страни се должни активностите околу ископ, утовар и транспорт да ги вршат во рамките на работното време од 07 до 15 ( 17 ) часот.

Купувачот е должен да води градежен дневник за спроведените активности.

Купувачот се обврзува да изготви геодетски елаборат по барање на инспекциска служба до моментот на извршување на работите за извршени активности, и по завршување на договорот.

**ЧЛЕН 7**

Договорените страни се обврзани да не бараат надомест за штета во случај на не исполнување на обврските а се предизвикани од други институции поврзани со предметнот договор (неиздавање испратници, забрани за работа од инспекции, одземање на Водостопанската дозвола од надлежен орган и сл.).

***ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА ЗА НАПЛАТА***

***ЧЛЕН 8***

Продавачот е должен на Купувачот да му достави фактура најкасно 15 дена по извршениот ископ на материјал. Фактурирањето ќе се врши два пати месечно, на 15 –ти и на последниот ден од тековниот месец. Со фактурата се приложуваат испратниците.

***НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ***

***ЧЛЕН 9***

Купувачот зема обврска да ги плаќа фактурите на Продавачот во законски рок од 8 дена сметано од денот издавање на фактурата. Доколку во предвидениот рок не се подмират обврските, ќе се пресметува законска казнена камата.

***РАЗЛИКА ВО ЦЕНА ( корекција на цена )***

***ЧЛЕН 10***

Не се предвидува промена на цената.

***ВИША СИЛА***

***ЧЛЕН 11***

Двете страни на овој Договор се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон другата за губиток, повреда или неизвршување на одредбите од овој Договор кои се предизвикани од виша сила.

Под виша сила се подразбира се она што е регулирано во Законот за Облигациони односи.

Договорените страни се обврзани да не бараат надомест за штета во случај на не исполнување на обврските а се предизвикани од други институции поврзани со предметнот договор (неиздавање испратници, забрани од инспекции, одземање на Водостопанската дозвола од надлежен орган и сл.).

Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна, во случај на стапување на виша сила, што ќе биде констатирано во Записник потпишан од двете договорни страни.

***РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ***

***ЧЛЕН 12***

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна бара исполнување на обврската или раскинување на договорот.

Овој договор може да биде раскинат поради непочитување на условите од Основниот проект и Водостопанската дозвола.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да и го сопшти на другата договорна страна без одлагање, по писмен пат.

Доколку Договорот се раскине пред истекот на рокот во член 4 од овој договор по вина на Купувачот, Продавачот веднаш ќе ја реализира банкарската гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот која Купувачот ја доставил.

Договорните страни се согласни да во случај на статусни промени со правни следбеници, во соодветна постапка предмет на превземање на облигациите да биде задолжително и во овој Договор.

**ЧЛЕН 13**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законско однесување за време на реализација на овој Договор.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**ЧЛЕН 14**

Ако помеѓу договорните страни дојде до било какво недоразбирање или спор во врска со толкувањето или примената на одредбите на овој договор, договорните страни се согласни да се обидат да го решат со добра волја и спогодбено со претставување на позициите на двете договорни страни.

Ако договорните страни не успеат спорот да го решат спогодбено, спорот ќе го решава надлежен суд Основен суд Скопје 2 Скопје.

**ЧЛЕН 15**

Овој Договор може да биде изменет и дополнет со согласност на двете договорни страни, на начин што за секоја измена и дополнение ќе биде изготвен анекс недвосмислено потпишан од двете договорни страни, а кој ќе се смета за интегрален дел на овој Договор.

**ЧЛЕН 16**

За се што со овој Договор не е договорено важат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи кои важат во Република Македонија.

**ЧЛЕН 17**

Овој Договор е склучен во 4 (четри) еднообразни примероци, од кои по 2 (два) за секоја страна.

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ :**

**АД „Водостопанство на РСМ“ – Скопје**
**SHA „Ekonomia e Ujërave të RMV“ – Shkup**
**Главен извршен директор**
**Drejtor Gjeneral Ekzekutiv**
**Llokman Limani**

**ДТПУ ЕУРО – ИНТЕР ДООЕЛ**
**Долно Коњари,**
**Петровец**
**Управител**
**Хајрија Османовиќ**

*Прилог 4 Основен проект за користење на вода од река Вардар*

ХИДРО ЕНЕРГО ИНЖЕНЕРИНГ
Бул.Видое Смилевски Бато 71/1-1
1000 Скопје, Македонија
Телефон: +389 2 24 54 333
www.hei.com.mk hei@hei.com.mk

**Основен проект**
Технички број на проект: **ГР-І-878/25**
Инвеститор: **Еуро-Интер ДООЕЛ експорт-импорт**
**Долно Коњари Петровец**

Goran Pavlovski
Digitally signed by Goran Pavlovski
Date: 2025.08.11 18:17:26 +02'00'

# Основен проект за користење на вода од река Вардар за технолошки потреби на сепарација село Ногаевци место КП 20, КП 21, КП 22 КО Виничани Општина Градско



**Скопје, август 2025 година**

Ivancho Kjaevski
Digitally signed by Ivancho Kjaevski
DN: c=MK, ou=VAT - 4030008023876, 2.5.4.97=NTRMK-6338569, o=Hidro Energo Inzenering DOO Skopje, serialNumber=240225, title=proektant, sn=Kjaevski, givenName=Ivancho, cn=Ivancho Kjaevski
Date: 2025.08.11 13:32:13 +02'00'

**Основен проект за користење на вода од река Вардар за технолошки потреби на сепарација село Ногаевци општина Градско место КП 20, КП 21, КП 22 КО Виничани Општина Градско,** е изработен врз основа на Договор склучен помеѓу ХЕИ ДОО, Скопје и Еуро Интер ДООЕЛ Скопје, со архивски броеви: наш број 0307-330/1 од 23.07.25 година и нивен број 03/2025 од 06.08.2025 година.

| | |
|---|---|
| Ниво: | Основен проект |
| Објект: | Сепарација село Ногаевци |
| Категорија на градба: | Втора категорија |
| Проект: | Основен проект за користење на вода од река Вардар за технолошки потреби на сепарација село Ногаевци место КП 20, КП 21, КП 22 КО Виничани Општина Градско |
| Фаза: | “Х” ХИДРОТЕХНИЧКИ ДЕЛ |
| Инвеститор: | Еуро-Интел ДООЕЛ експорт-импорт<br>Долно Коњари Петровец |
| Проектант: | Хидро Енерго Инженеринг ДОО Скопје,<br>ул. Видое Смилевски – Бато 71/1-1 Ново Лисиче, Скопје |
| Одговорен Проектант: | Д-р Иванчо Ќаевски, дипл.град.инж. |
| Соработници: | Глигор Зафировски дипл.град.инж. |
| Ревидент | Горан Павловски |
| Место: | Скопје, Македонија |
| Дата: | Август 2025 |
| Технички број: | ГР-I-878/25 |

Управител

на Хидро-Енерго Инженеринг ДОО Скопје

д-р Иванчо Ќаевски, дипл.град.инж.

*Прилог 5 Графички приказ на зафатот во однос на постројката за сепарација*




Зафат
X: 7574580.243
Y: 4609787.579
Шахта за хидростаница
X: 7574571.695
Y: 4609775.074
Сепарација
X: 7574575.841
Y: 4609611.118
Потис
HDPE 63 mm
L=205 m
Сепарација
0+000
0+010
0+020
0+030
0+040
0+050
0+060
0+070
0+080
0+090
0+100
0+110
0+120
0+130
0+140
0+150
0+160
0+170
0+180
0+200
0+210
0+220
Хидро Енерго Инженеринг ДОО Скопје
Бул. Видое Смилевски Бато 71/1-1, Скопје
Hidro Energo Enigeering DOO Skopje
Boul. Vidoe Smilevski Bato 71/1-1, Skopje
Инвеститор: / Employer:
Друштво за транспорт, производство и услуги ЕУРО-ИНТЕЛ ДООЕЛ експорт - импорт Долно Коњари Петровец
Тех. бр.: Design No:
ГР-I-878/25
Име на проект: Project title:
Основен проект за користење на вода за сепарација од река Вардар сместена на К.П.Ногаевци, К.О. 20,21,22 Виничани, општина Градско
Ознака: Part:
Х/Н
Фаза на проектот: Design stage:
Основен проект
Одговорен проектант: Responsible Designer:
Д-р Иванчо Ќаевски, дипл. град. инж.
Име на цртеж: Drawing title:
Ситуација на зафат на вода за сепарација од р.Вардар
Соработници: Collaborators:
Глигор Зафировски, дипл. град. инж.
Датум: Date:
Август, 2025
August, 2025
Размер: Scale:
1:500
Цртеж број: Drawing No:
2
Име на фајл: / File name:
Vinicani_Zafat.dwg
Верзија на цртеж: Drawing version:
01
Ревизија: Revision:


Зафат
X: 7574580.243
Y: 4609787.579
0+000
0+010
0+020
Шахта за хидростаница
X: 7574571.695
Y: 4609775.074
Хидро Енерго Инженеринг ДОО Скопје
Бул. Видое Смилевски Бато 71/1-1, Скопје
Hidro Energo Engineering DOO Skopje
Boul. Vidoe Smilevski Bato 71/1-1, Skopje
Основен проект за користење на вода за сепарација од река Вардар сместена на К.П.Ногаевци, К.О. 20,21,22 Виничани, општина Градско
Основен проект
Д-р Иванчо Каевски, дипл. град. инж.
Глигор Зафировски, дипл. град. инж.
Ситуација на зафат на вода за сепарација од р.Вардар
ГР-І-878/25
Х/Н
Август, 2025
August, 2025
1:100
3
Vinicani_Zafat.dwg
01

*Прилог 6 Договор со ЕКО СЕЛЕКТ*

Друштво за производство, трговија и услуги ЕКО СЕЛЕКТ увоз-извоз ДОО Бр. 90/25 15.08.2025 год.

Друштво за транспорт, производство и услугу ЕУРО-ИНТЕР ДООЕЛ експорт-импорт Бр. 05/2025 15-8 2025 год. Долно Коњари, Петровец

# ДОГОВОР

# ЗА ДЕЛОВНА СОРАБОТКА

Склучен на 15.08.2025 година помеѓу:

1. Друштво за производство, трговија и услуги **ЕКО СЕЛЕКТ увоз-извоз ДОО Битола**, со ЕДБ 4002021562383, со седите на ул. Бурса бр. 51 во Битола (во натамошниот текст Давател на услугите)

2. Друштво за транспорт, производство и услуги ЕУРО- ИНТЕР ДООЕЛ експорт-импорт Долно Коњари Петровец, со ЕДБ 4,69024503679, со седиште на ул. 1 бр.11 ДОЛНО КОЊАРИ, ПЕТРОВЕЦ (во натамошниот текст Приматeл на услугите)

Предмет на договорот

Член.1

Давателот на услугите и примателот на услугите (договорните страни) се согласија предмет на овој договор да е давање на услуги ( преземање ) на селектираниот отпад од опадни гуми од моторни возила и машини од примателот на услугата.

ЦЕНА

Член.2

Давателот на услугата се обврзува да го презема, транспортира, селектира и процесиура за понатамошен третман целиот собран отпад.

Давателот на услугата се обврзува:

1. Навремено да го извести корисникот на услугите за термините и роковите за активностите наведени во член 2 од овој Договор.

Цената за услугите ќе биде утврдувана со писмена понуда пред секое подигање на отпад.

ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член.3

Странките се согласни времетраењето на овој договор да биде 5 години почнувајќи од 15.08.2025 година.

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член.4

Се што не е предвидено со овој договор важат одредбите од ЗОО како и позитивните законски прописи на СРМ

Член.5

Во случај на спор договорните страни ќе го решаваат спогодбено, а доколку спорот не може да се реши спогодбено се определува месна и стварна надлежност на Основниот суд Битола

Член.6

Овој договор е составен од 2 (два) истоветни примероци по еден за секоја страна

| | |
|---|---|
| ИЗВРШИТЕЛ | КОРИСНИК |
| ЕКО СЕЛЕКТ увоз-извоз | ДПТУ |
| ДОО Битола | ЕУРО-ИНТЕР ДООЕЛ |
| ---------------------------------- | ---------------------------------- |

*Прилог 7 Договор со АДА ФАЛКЕ*

Договор АДА ФАЛКЕ – МНСА-МІ

ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ
АДА ФАЛКЕ ДООЕЛ
Бр. 014/2025
15.08 2025 год.
СКОПЈЕ

Друштво за транспорт,производство и услугу ЕУРО-ИНТЕР ДООЕЛ експорт-импорт
Бр. 07/2025
15-08 2025 год.
Долно Коњари,Петровец

**ДОГОВОР ЗА УСЛУГИ**

Склучен во Скопје, на 15.08.2025 год. помеѓу:

А. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **Друштво за производство, трговија и услуги АДА ФАЛКЕ дооел Скопје**, со седиште на **ул. Венијамин Мачиковски 5/1-13, 1000 Скопје,** даночен број МК4030006590501, со матичен број 6102573, (во понатамошниот текст само "АДА ФАЛКЕ" или "Друштвото") , застапувано од Суада Бибиќ, во својство на управител, како прва договорна страна и

2. **Друштво за транспорт, производство и услуги ЕУРО-ИНТЕР ДООЕЛ експорт-импорт Долно Коњари Петровец, со седиште на улица 1 бр.11, Долно Коњари, Петровец**, даночен број МК4069024503679, со матичен број 7762836, (во понатамошниот текст само ЕУРО-ИНТЕР или „Друштвото"), застапувано од Хајрија Османовиќ, во својство на Управител, како Втора договорна страна

Б. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОР

*Член 1*

Предмет на овој Договор е вршење на услужна дејност од страна на АДА ФАЛКЕ, на следниот начин:

| | |
|---|---|
| Опис на услуга: | Изнајмување и одржување хигиена на преносен тоалет |
| Количина на тоалети: | 1 (еден) |
| Локација: | с. Ногаевци, Градско |
| Период: | 1 година, со можност за продолжување |
| Фрекфенција на чистење: | минимум еднаш седмично |

Напомена:
Еден тоалет се сервисира минимум еднаш во текот на една седмица доколку го употрбуваат 1 до 10 работници, со работно време од 40 часа во текот на една седмица.
Во секој друг случа,ј или се зголемува количината на тоалети или редовноста на чистење соодветно на бројот на работниците и работните часови.

Одржување хигиена на тоалет подразбира:

Празнење на резервоарот од отпадни води; Чистење/дезинфицирање на Кабината- однадвор/одвнатре; Полнење на резервоарот со еколошка течност, прописен транспорт и исфрлање на фекалните води/отпади.

*Член 2*

Двете договорни страни се согласни за наведените услуги да ги прифатат следните поединечни цени:

| Р. бр. | Опис на услуга | Ед. мера | Кол. тоалет/сервис | Цена без ДДВ за Месец дена |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Изнајмување на преносен тоалет | дневно | 1 | 60,00 ЕУР |
| 2. | Собирање фекални води еднаш неделно | сервис | 4/5 | 250,00 ЕУР |
| | | | | |

Со фактурирање ќе се започне од денот кога ќе се достави тоалетот на терен, за што дополнително ќе се потпише документ за испорака на тоалет.
Плаќењето ќе се извршува во рок од **15 дена** по приемот на фактурата за извршената услуга.

В. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ПРВАТА ДОГОВОРНА СТРАНА

*Член 3*

- Да ја одржува хигиената/сервисирање на Кабините (празнење на резервоарот; чистење/дезинфицирање на кабината- однадвор/одвнатре, согласно договорот
- Полнење на резервоарот со еколошка течност, прописен транспорт и исфрлање на фекалните води/отпади)

страна 1

## Г. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ВТОРАТА ДОГОВОРНА СТРАНА

*Член 4*

Втората договорна страна се обврзува:

- Тоалетните кабини да ги лоцираат не повеќе од 3 (три) метри од патот и на пристапно место (за да може да се врши редовното сервисирање) односно да обезбедат пристап кон кабините кои се сервисираат во секое време до истекот на овој Договор, во спротивно во случај да сервисирањето биде спречено (од времени објекти; возила; опрема или слично) и истите не бидат одстранети во период од 15 (петнаесет) минути, сервисите ќе се сметаат за извршени;
- Да извршат навремено исплата на фактурите добиени од АДА ФАЛКЕ, во спротивно за секој ден доцнење од времето на доспеаност, да платат законска камата;
- Во случај на потреба од вонредно сервисирање, благовремено/веднаш да ја известат Првата договорна страна;
- Во случај на раскинување на овој Договор, се обрзуваат да ги вратат / предадат сите тоалетни кабини, во состојба во која се примени; и да ги подмират сите обврски кон АДА ФАЛКЕ;
- Во случај на незадоволство од извршената услуга од страна на АДА ФАЛКЕ, во рок од 2 (два) дена, да достават писмена поплака/известување, за да се отстрани недостатокот.

## Д. ВРЕМЕТРАЕЊЕ, РАСКИНУВАЊЕ И ПРЕСТАНОК НА ДОГОВОРОТ

*Член 5*

Договорот се склучува на неопределено време. Договорните страни се согласни овој Договор да може да се раскине во секое време од страна на АДА ФАЛКЕ без образложение, доколку Втората договорна страна не ги исполнува своите обврски предвидени во Член 4 од овој Договор.

Договорните страни се согласни овој Договор може да биде раскинат од втората договорна страна со отказен рок во писмена форма до АДА ФАЛКЕ од 15 (петнаесет) дена и претходно подмирени обврски.

## Ѓ. ДЕЛОВНА ТАЈНА

*Член 6*

Втората договорна страна се обврзува да ги чува како Деловна тајна сите податоци кои произлегуваат од овој Договор, а кои се однесуваат на работењето на АДА ФАЛКЕ.

## Е. ИЗВЕСТУВАЊА / КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ

*Член 7*

Известувањата по овој Договор кои ќе бидат во писмена форма да бидат доставени на следните адреси:

**АДА ФАЛКЕ**
ул. Венијамин Мачуковски бр. 5/1-13, 1000 Скопје
е-маил: info@adafalke.com.mk
тел./факс: 02 / 2 464 456
мобилен: 075/ 216 330

**ЕУРО-ИНТЕР ДООЕЛ**
ул. 1 бр. 11, Долно Коњаре
е-маил: eurointer2024@gmail.com
тел./факс: 02 3120 098

Ж. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

*Член 8*

Договорните страни, се согласни, во случај на евентуален спор кој би произлегол од овој или во врска со овој Договор, по принципот договорена надлежност да биде надлежен Основниот суд Скопје 1 во Скопје.

*Член 9*

Овој Договор е составен во 2 (два) еднообразни примероци.

Во знак на согласност на своите волји, Договорните страни го потпишуваат овој Договор како што следува,

| | |
|---|---|
| **АДА ФАЛКЕ ДООЕЛ** | **ЕУРО-ИНТЕР ДООЕЛ** |
| Суада Бибиќ | Хајрија Османовиќ |
| управител | управител |

*Прилог 8 Допис од МЖСПП за Доставување на Елаборат за заштита на животната средина за Постројка за сепарација*

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ - Скопје
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR - Shkup

| Примено / E pranuar | 22-08-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Nj. org | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera |
| | | | |

Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија,
Управа за животна средина
Плоштад Пресвета Богородица бр.3
1000 Скопје

Скопје, 22.08.2025

Предмет: Доставување на Елаборат за заштита на животната средина за Постројка за сепарација на наносен материјал од река Вардар, лоцирана на КП 20 и КП 21, КО Виничани, Општина Градско за потребите на ДТПУ ЕУРО-ИНТЕР ДООЕЛ

Почитувани,

Следејќи ги законските обврски од областа на животната средина компанијата ДТПУ ЕУРО-ИНТЕР ДООЕЛ за потребите на својата дејност сепарација на наносен материјал неопходно е да ја отпочне постапката за оценка на влијание на проектите врз животната средина кое подразбира подготовка на Елаборат за животна средина. Поаѓајќи од овие законски барања Операторот на сепарацијата пристапи кон подготовка на Елаборати за заштита на животната средина за Постројка за сепарација на наносен материјал од река Вардар, лоцирана на КП 20 и КП 21, КО Виничани, Општина Градско за потребите на ДТПУ ЕУРО-ИНТЕР ДООЕЛ.

Елаборатите се подготвени во согласност со член 24 од Законот за животна средина (Сл. Весник бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15 129/15, 192/15, 39/16, 98/18, 89/22, 99/22, 171/2022 и 3/25) и Правилникот за формата и содржината на Елаборатот за заштита на животна средина согласно видовите на дејностите или активностите за кои се изработува елаборат, како и согласно со вршителите на дејноста и обемот на дејностите и активностите кои ги вршат правните и физичките лица, постапката за нивно одобрување, како и начинот на водење на регистарот за одобрени елаборати (Сл. Весник на РМ бр. 44/13, 111/14).

Со задоволство Ви доставуваме 3 печатени копии и 3 електронски верзии (CD-а) од Елаборат за заштита на животната средина за Постројка за сепарација на наносен материјал од река Вардар, лоцирана на КП 20 и КП 21, КО Виничани, Општина Градско за потребите на ДТПУ ЕУРО-ИНТЕР ДООЕЛ за потребите на ДТПУ ЕУРО-ИНТЕР ДООЕЛ за одобрување од Ваша страна.

Очекуваме одобрување на доставените Елаборати за заштита на животната средина. Остануваме на располагање за дополнителни информации при Вашата одлука.

Со почит,
Подносител од ДТПУ ЕУРО-ИНТЕР ДООЕЛ
Моамер Османовиќ

Телефон број за контакт: 070 555 097

*Прилог 9 Допис од МЖСПП за Доставување на Елаборат за заштита на животната средина за користење на техничка вода од река Вардар*

Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија,
Управа за животна средина
Плоштад Пресвета Богородица бр.3
1000 Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ - Скопје
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR - Shkup
Примено / E pranuar 22-08-2025

| Орг. Един. / Nj. org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera |
|---|---|---|---|
| | | | |

Скопје, 22.08.2025

**Предмет:** Доставување на Елаборат за заштита на животната средина за користење на техничка вода од река Вардар на КП 1311/1 КО Виничани за постројка за сепарација лоцирана на КП 20 и КП 21, КО Виничани за потребите на ДТПУ ЕУРО-ИНТЕР ДООЕЛ

Почитувани,

Следејќи ги законските обврски од областа на животната средина компанијата ДТПУ ЕУРО-ИНТЕР ДООЕЛ за потребите на својата дејност сепарација на наносен материјал неопходно е да поседува Дозвола за користење на вода и за таа цел како дел од постапката за добивање на Дозвола е потребно да има подготвен Елаборат за заштита на животна средина. Поаѓајќи од овие барања Операторот на сепарацијата пристапи кон подготовка на Елаборати за заштита на животната средина за користење на техничка вода од река Вардар на КП 1311/1 КО Виничани за постројка за сепарација лоцирана на КП 20 и КП 21, КО Виничани за потребите на ДТПУ ЕУРО-ИНТЕР ДООЕЛ.

Елаборатите се подготвени во согласност со член 24 од Законот за животна средина (Сл. Весник бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15 129/15, 192/15, 39/16, 98/18, 89/22, 99/22, 171/2022 и 3/25) и Правилникот за формата и содржината на Елаборатот за заштита на животна средина согласно видовите на дејностите или активностите за кои се изработува елаборат, како и согласно со вршителите на дејноста и обемот на дејностите и активностите кои ги вршат правните и физичките лица, постапката за нивно одобрување, како и начинот на водење на регистарот за одобрени елаборати (Сл. Весник на РМ бр. 44/13, 111/14).

Со задоволство Ви доставуваме 3 печатени копии и 3 електронски верзии (CD-а) од Елаборат за заштита на животната средина за користење на техничка вода од река Вардар на КП 1311/1 КО Виничани за постројка за сепарација лоцирана на КП 20 и КП 21, КО Виничани за потребите на ДТПУ ЕУРО-ИНТЕР ДООЕЛ за одобрување од Ваша страна.

Очекуваме одобрување на доставените Елаборати за заштита на животната средина. Стоиме на располагање за дополнителни информации при Вашата одлука.

Со почит,
Подносител од ДТПУ ЕУРО-ИНТЕР ДООЕЛ
Моамер Османовиќ

EURO-INTER

Телефон број за контакт: 070 555 097

*Прилог 10 Допис од МЖСПП за Доставување на Барање за издавање на Дозвола за користење на техничка вода од река Вардар*

Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија,
Управа за животна средина
Плоштад Пресвета Богородица бр.3
1000 Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ - Скопје
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR - Shkup

| Примено / E pranuar | 22-08-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Nj. org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera |
| | | | |

Скопје, 22.08.2025

**Предмет: Доставување на Барање за издавање Дозвола за користење на техничка вода од река Вардар на КП 1311/1 КО Виничани за постројка за сепарација лоцирана на КП 20 и КП 21, КО Виничани за потребите на ДТПУ ЕУРО-ИНТЕР ДООЕЛ**

Почитувани,

Следејќи ги законските обврски од областа на животната средина и управување со вода компанијата ДТПУ ЕУРО-ИНТЕР ДООЕЛ за потребите на својата дејност сепарација на наносен материјал неопходно е да поседува Дозвола за користење на вода. За таа цел компанијата поднесува Барање за издавање на Дозвола за користење на техничка вода од река Вардар на КП 131/1 КО Виничани за постројка за сепарација лоцирана на КП 20 и КП 21, КО Виничани.

Во прилог Ви доставуваме пополнето Барање за издавање дозвола за користење на вода.

Скопје, 22.08.2025

Со почит,
Подносител од ДТПУ ЕУРО-ИНТЕР ДООЕЛ
Моамер Османовиќ

EURO-INTER

ТЕЛ. 070 555 097